„АЛО - ПЕНЗИОНЕРСКИ ПРАШАЊА“
СЕКОЈ ВТОРНИК И ЧЕТВРТОК ОД 10 ДО 12 ЧАСОТ
02/3213 227

Емисијата „Трета доба“ се емитува на МРТ 1 првата сабота во месецот од 13:20 часот, а наредната сабота оди репризата

СЗПМ
БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК ЗА СЕГАШНИ И ЗА ИДНИ ПЕНЗИОНЕРИ

# ПЕНЗИОНЕР плус

26 август 2022 година
број 169

Година XV Излегува еднаш месечно
www.szpm.org.mk e-mail: vesnik@szpm.org.mk СЗПМ тел. 02 3223 710
ISSN 1857-7660

NLB Banka

# Пензијата и други мерки во заштита на пензионерскиот стандард

***Во рамките на 76. милиони евра обезбедени со ребалансот за пакет-антикризни мерки за справување со последиците од светската економска и енергетска криза, 320 000 пензионери покрај зголемување на пензијата, очекуваат во креирање на антикризните мерки да биде вклучен и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, како нивен легитимен претставник кој најдобро ги познава состојбите***

Како што е познато основната материјална и социјална сигурност пензионерите ја остваруваат преку правото на пензија. Тоа е лично, материјално, неотуѓиво и долгорочно право. Правото на пензија не е условено од материјалниот статус на пензионерот туку од вложениот придонес во пензискиот фонд изразен преку должината на пензискиот стаж и остварената плата на која е плаќан придонесот. Висината на пензијата се пресметува од остварените плати од целиот работен век, почнувајќи најрано од 1 јануари 1970 година. Од така формираната пензиска основа се определува пензија во процент според должината на пензискиот стаж. Тоа значи дека пензијата како индивидуално право зависи од личниот придонес на секој пензионер што е основен постулат на пензискиот систем во нашата држава. Тоа е дефинирана пензија пресметана по формула утврдена во Законот за пензиското и инвалидското осигурување и за која исплата постои гаранција од државата. Обезбедувањето на средствата се врши преку тековно финансирање (pay-as-jou-go) односно сегашните осигуреници обезбедуваат средства за исплата на постојните корисници на пензија.

Станува збор за пензија која се остварува во пензиски систем со еден столб или државно пензиско и инвалидско осигурување без капитална компонента, која ја користат сегашните корисници на пензија.

Што се однесува до усогласување на пензијата во пензиските системи слични на нашиот се користат различни параметри и тоа: усогласување само со порастот на просечната плата или само со порастот на трошоците на животот, комбиниран начин како што е македонскиот (пораст на плати и трошоци на животот), а во одделни периоди се користи и дегресивен начин на усогласување на пензиите. Според предвидувањата на порастот на платите и трошоците на животот од септември оваа година пензиите се очекува да се зголемат за околу 8%.

Несомнено е дека начинот на кој се организира и функционира еден пензиски систем е од општ интерес и притоа значајни карактеристики се: целите, кој е покровител, кој ги плаќа придонесите, кој ризикува, кој гарантира, видови на пензија, заменската стапка (процент од кој се определува пензијата од пензиската основа), платата која е вклучена при определување на пензијата и индексирањето.

**Со содржината на овој текст сакам да придонесам и појаснам и да повторам дека во нашиот пензиски систем пензијата зависи од индивидуално вложениот придонес во пензискиот фонд и тој придонес на поединецот се следи и преку процентуално усогласување на пензиите.**

**Често пати пензионерите бараат линеарно усогласување на пензиите, но тој начин на усогласување не произлегува од поставеноста на македонскиот пензиски систем бидејќи правото на пензија е еквивалентно на вложениот придонес во пензискиот фонд.** Затоа, многу е битна информираноста на идните пензионери и за оние кои се вклучени во новото капитално финансирано пензиско осигурување дека и нивниот ануитет ќе зависи, пред сè, од вложените средства и остварениот принос на акумулираните средства на нивната лична сметка. **Затоа, погрешна е тезата дека староста е далеку, но таа брзо доаѓа.**

Но, на пензионерите како возрасна популација може и треба покрај пензијата да им се помогне и со мерки надвор од пензискиот систем, бидејќи пензијата и платата се разликуваат, а пензионерите не се во состојба (физички и психички дефицит) да имаат дополнителна заработувачка.

Оттука Сојузот постојано ги повторува добро познатите барања на пензионерите со цел тие да стигнат до оние субјекти кои се надлежни тоа да го сторат, како што се: ослободување од партиципација на пензионерите во користење здравствена заштита од дијагностицирање до болничко лекување, субвенционирање на цената за сместување во приватни пензионерски домови, плаќање само на разликата од државната цена до цената во приватните здравствени установи, нова позитивна листа на лекови кои ќе се на товар на средствата на здравствениот фонд, изградба на државни старски домови, дневни центри, геријатриски одделенија во состав на општите болници, амбуланти само за протетички услуги на пензионерите, олеснувања при набавка на ортопедски помагала и други помошти навидум ситни, а големи за старите лица.

Сега, кога сме на теренот мерки надвор од пензискиот систем, а актуелно е донесувањето на **антикризните мерки со цел да се надмине состојбата на преклопени кризни состојби (економска, енергетска, пандемска)** и пензионерите очекуваат одредени помошти кои ќе го олеснат нивниот живот. Посебно во фокусот треба да бидат пензионерите со ниски пензии, повозрасни пензионери кои не се во состојба да имаат дополнителна заработувачка, а и силно посакуваното барање за субвенција во цената за набавка на огревно дрво за обезбедување топло огниште на старите лица.

**Станка Трајкова,**
**Претседателка на СЗПМ**

# Предлог-антикризни мерки што по мислење на Сојузот би помогнале во подобрување на животниот стандард на пензионерите

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија предлага пакет на антикризни мерки за кои смета дека ќе помогнат да се надмине состојбата со економската, енергетската и пандемската криза и ќе придонесат во подобрување на животниот стандард на пензионерите.

Предлогот на антикризните мерки би бил на повеќе нивоа: од државата, од општините, од самите здруженија на пензионери, како и од разни институции и хуманитарни невладини организации како што се Црвениот крст и други.

Во рамките на 76–те милиони евра обезбедени со ребалансот на Буџетот на РСМ за пакет антикризни мерки за справување со последиците од светската економска и енергетска криза, 330 000 пензионери покрај зголемување на пензијата, **очекуваат и бараат во креирање на мерките да биде вклучен и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, како нивен легитимен претставник кој најдобро ги познава состојбите** речиси на секој поединец преку своите 53 здруженија, членки на оваа најмасовна популација во земјата. Во овој дел би предложиле покрај зголемување на пензиите и:

<u>**Прво ниво**</u> би биле мерки што би можела да ги поддржи **Владата на РСМ:**

- ♦ **Финансиска поддршка за електрична енергија за лица со ниски пензии, да продолжи;**
- ♦ **Парична помош преку разни форми за пензионерите и старите лица со ниски примања;**
- ♦ **Субвенции за плаќање на дел од лековите кои се скапи, а не се на позитивната листа;**
- ♦ **Олеснувања при набавка на ортопедски помагала;**
- ♦ **Замрзнување на цените на основните производи за исхрана;**
- ♦ **Суспендирање, односно запирање на законот за извршување;**
- ♦ **И други помошти ситни за државата, но големи за старите лица.**

Во прилог на овие барања е и изјавата на **министерот за финансии Фатмир Бесими** кој вели:

„Антикризните мерки ќе бидат таргетирани. Владата на РС Македонија со повеќе навремени, одговорни и сеопфатни мерки и решенија ќе обезбеди заштита за граѓаните од поскапувањата предизвикани од глобалната економска и енергетска криза.

Тоа значи дека овие средства ќе бидат насочени кон ранливите категории на граѓани и стопанството, кон оние на кои им се најпотребни.

Сите овие мерки што ќе следат се надоврзуваат на очекувањата на меѓународните финансиски институции дека ценовните притисоци на меѓународните пазари во текот на годинава постепено ќе се ублажуваат, за да се стабилизираат веќе следната година“.

Министерот истакнува оти ни претстои и еден значаен период, во кој креирањето на јавното мислење ќе биде еднакво важно, ако не и поважно од конкретните економски мерки што ќе се преземат**. Во тој контекст се и предлозите на СЗПМ со цел да се влијае на јавното мислење во креирање на политиките содржани во антикризните мерки за корисниците на пензија.**

<u>**Второ ниво**</u>**,** покрај државата, Сојузот смета дека во помош на пензионерите во време на економска и енергетска криза треба да се вклучат и самите **општини** преку организирање на разновидни помошти како што се:

- ♦ **Бесплатен превоз во градот и до населени места;**
- ♦ **Отворање дневни центри и зајакнување на постоечките;**
- ♦ **Доделување пакети со прехранбени продукти, средства за хигиена и друго;**
- ♦ **Попуст во бањските и други објекти под ингеренција на локалната самоуправа;**
- ♦ **Помош во домашни услови преку соработка со разни институции и др.**

<u>Третото ниво</u> **би биле здруженијата на пензионери да продолжат да даваат финансиска помош преку ваучери и други форми**. **Во ова трето ниво е зајакнување на волонтерството и интензивно учество во Проектот на СЗПМ „2022 година на рурален пензионер“ со кој ќе бидат опфатени и пензионерите во селата.**

Во насока на подобрување на пензионерскиот стандард охрабрува и изјавата на **министерката за труд и социјална политика Јована Тренчевска** во која ветува:

**„Заедно со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија ќе продолжиме да креираме мерки и политики кои ќе бидат наменети за пензионерите, а кои ќе значат помош и поддршка и во наредниот период со цел подобрување на стандардот на пензионерите и старите лица“.**

Да се надеваме дека со одговорно однесување на сите субјекти, ќе ја надминеме и оваа криза, како што ја надминавме најголемата економска криза предизвикана од ковид 19 пандемијата.

**СЗПМ**

ВО ОВОЈ БРОЈ...

АКТИВНОСТИ стр. 2

ИНТЕРВЈУ СО МИНИСТЕРОТ НА ФПИОСМ, ДРИТАН БЕЦЕТИ стр. 3
ТРИБИНА стр. 4

ЛИЧНА КАРТА НА ЗП ВЕЛЕС стр. 5
ПОСЕТИ НА РУРАЛНИ СРЕДИНИ стр. 7

ИНТЕРВЈУ СО ДИРЕКТОРОТ НА НЕГОРСКИ БАЊИ ДИМИТАР ЈАНЕВСКИ стр. 8
ИНФО стр. 9
КУЛТУРА стр. 10
ПРЕПОРАКИ И МЕРКИ НА ВЛАДАТА НА РСМ ЗА ШТЕДЕЊЕ НА СТРУЈА стр. 11

PROMOVOHET LIBRI ME TITULL "JETA NË GËRSHETA" стр. 12
ПАНОРАМА стр. 13
ЗАБАВА стр. 15
ВИДИЦИ стр. 16

**ЌЕ ИЗЛЕЗАТ**
**15 септември**
**- Прилог за пензионери во „Коха“**
**30 септември**
**„Пензионер плус“**

Вашата пензија секогаш на први во месецот.
НЛБ Сребрен пакет
NLB Banka

# Година на изборни активности

Во текот на 2022 година започнаа изборните активности по здруженијата на пензионери – членки на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија. Затоа, оваа година Сојузот до сите здруженија на пензионери достави Препораки во кои се содржани насоки за одржување на фер и квалитетни избори. Во Препораките е наведено дека во здруженијата и Сојузот изборите се вршат на секои 4 години. Препораките имаат за цел во здруженијата и Сојузот да бидат спроведени квалитетни избори па затоа во оваа година се препорачува да се изоставаат измени во статутите непосредно пред самите избори што остава сомнеж и недоверба во регуларноста на изборите.

Заслужува да се спомене дека изборите имаат за цел да се провери довербата, постигнатите резултати и сигурноста дека гласот што ќе биде даден ќе биде заслужен со очекување дека активностите во здруженијата ќе се одвиваат уште поквалитетно и демократски и во интерес на членовите – корисници на пензија. Се тоа би можело да се постигне ако се почитуваат препораките дека членови кои ќе раководат со здружението треба да се лица од доверба и кои уживаат углед во својата средина. Препораките содржат и насока за почитување на родовата застапеност бидејќи во некои здруженија малку се застапени жените во органите и телата каде се донесуваат значајни одлуки.

**Исто така, во препораките се наведува дека изборите треба да се вршат без политичко влијание. Со други зборови речено здруженијата се граѓански организации автономни во своето дејствување и самостојно без надворешни влијанија треба да си ги спроведат изборите. Притоа, многу важно е дека тие се субјекти кои сами си обезбедуваат средства за својата работа без да го оптеретуваат буџетот на државата или на општината. Оттука, здруженијата ја имаат целосната слобода согласно своите статути и другите акти да спроведат избори и да не дозволат партиите или општинските власти да им „кажуваат“ кој ќе биде претседател на здружението, член на Собрание, Извршниот одбор и другите органи. Ме зачудуваат некои изјави дека „доста Ви беше на Вас сега ние ќе владееме“ без да се има предвид дека изборите не се автоматизам туку процес во кој треба да биде избран оној кој има резултати во развојот на пензионерското организирање.**

**На крајот ќе повторам дека изборите и во здруженијата и во Сојузот треба да се фер и демократски, добро организирани со доследно почитување на актите во здруженијата без да се дозволат „упади“ на денот на одржување на Конститутивната седница за што одговорните лица треба да обезбедат сигурни услови за непречено одвивање на изборите.**

**Станка Трајкова,**
**Претседателка на СЗПМ**

ЗП Крушево

# Свечено одбележани 119 години од големиот македонски празник „Илинден“

Во рамките на овогодишното чествување на големиот македонски празник „Илинден“ свое учество имаше и Здружението на пензионерите од Крушево, претставувано од мешовитата пејачка група.

На главниот настан на „Мечкин камен“ пред повеќеилјадните посетители прославата започна најпрвo со интонирање на државната химна, а потоа со свое обраќање и говор настапи премиерот на РСМ Димитар Ковачевски, истакнувајќи го значењето на овој голем македонски празник и повикувајќи на обединување на сите чинители во државата.

Во културниот дел од прославата голема чест и признание доби и ЗП Крушево претставувано од мешовитата пејачка група. Учество зедоа и КУД „Танец“ од Скопје со изведба на познатото македонско оро „Тешкото“, МУ – Ансамбл на албански народни песни и ора и фолклорното друштво „Студио фолклор“ од Скопје со сплет на ора.

Мешовитата пејачка група при ЗП Крушево настапи со влашката песна „Крушева ностра алавдата“ и револуционерната песна посветена на, „Мечкин камен“ и војводата Питу Гули „Ој ти поле“. За добрата изведба на песните, повеќе илјадната публика ги награди со топол и долготраен аплауз.

На 5–ти август 2022 година на Летната сцена во Крушево и во прекрасен амбиент, во рамките на Научно–културните средби „Десет дена Крушевска Република“ беше организирана „Влашката вечер“, во која со свои програми настапија



фолклорни групи од Кочани, Штип и други градови, а ЗП Крушево настапи со пејачката група со две влашки песни и тоа: „Крушеваалав нострадата“ и „Исусе ме дадо“.

Манифестацијата за отворена ја прогласи претседателот на здружението на Власите Никола Бабоски кој ги поздрави присутните на влашката вечер. **Д. Трајкоски**

Состанок со Национални шуми

# Би било добро во цената на огревното дрво да субвенционира и државата

Во организација на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, а по барање на повеќе здруженија на пензионери на 5 август 2022 година се одржа состанок со директорот на Национални шуми, Валентин Груевски и неговиот соработник Жарко Анастасиески. На состанокот присуствуваа претседатели односно претставници од следните здруженија на пензионери: Пробиштип, Злетово, Неготино, Велес, Битола, Кичево, Илинден, Ново Село, Свети Николе, Македонска Каменица и други.




Целта на состанокот беше да се надминат постојните слабости во врска со снабдување со огревно дрво на корисниците на пензија со кои секоја година се соочуваат здруженијата членки на Сојузот. Сите беа единствени дека обезбедувањето на дрво е длабоко хуманитарна активност која традиционално се практикува во здруженијата. Според нивните согледувања огревно дрво преку здруженијата обезбедуваат само пензионери со ниски пензии или со нарушена здравствена состојба на кои многу им значи дрвата да стигнат до нивните порти. Меѓутоа, како многу пати и на оваа средба беше истакнато дека ЗП од своја страна редовно ги исполнуваат своите договорни обврски за разлика од економските оператори кои се јавуваат во улога на продавач и вршител на дотур на дрва.

На состанокот секое здружение конкретно го изнесе својот проблем наведувајќи ги точно економските оператои кои не ги исполниле обврските како и договорите склучени со Национални шуми. Радува фактот што Директорот на Национални шуми и неговиот претставник јасно се заложија дека за секој поединечен случај ќе преземат мерки да се исполнат договорните обврски со цел во обезбедување на дрва да се даде приоритет на пензионерите.

На состанокот од претставници на Здруженијата се дадоа повеќе предлози и тоа: да се согледа можноста договори за набавка на дрва да се склучуваат претежно со Национални шуми или доколку тоа не е можно со сите здруженија, тогаш на договорите склучени со економските оператори, гарант да бидат Национални шуми. Исто така се предложи да се склучуваат договори со Национални шуми, а дотурот да го вршат економските оператори. Овие предлози говорат дека најголема сигурност во набавка на дрва за здруженијата ја гледаат во соработка со Национални шуми бидејќи е несомнено дека се работи за заеднички интерес и желба да се помогне на пензионерите како највозрасна популација.

На крајот се заклучи дека состанокот беше многу корисен за решавање на актуелните проблеми, а се поддржа и иницијативата за субвенционирање во цената за набавка на огревно дрво од страна на државата како мерка надвор од пензискиот систем. Истовремено, внимание заслужи и дадената информација дека може државата да утврди и максимална цена за набавка на огревното дрво.

**Станка Трајкова,**
**Претседателка на СЗПМ**

ЗП Кочани

# Традиционално дружење во Пониква

На 13 август во месноста Пониква и оваа 2022 година се одржа традиционалното пензионерско дружење на кое домаќин беше Здружението на пензионери ЗП Кочани. На дружењето беа присутни градоначалникот на Кочани Љупчо Папазов, Претседателката на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија Станка Трајкова, секретарот на ИО на СЗПМ Менка Темелковска, повеќе



претседатели на здруженија и над 600 пензионери од повеќе здруженија членки на Сојузот.

По престанување на дождот, добредојде на присутните им посака и сонцето.

Прв присутните ги поздрави претседателот на ЗП Кочани Ѓорѓи Серафимов. Со топли зборови на своите највозрасни граѓани и на присутните пензионери дојдени од други градови им се обрати градоначалникот на Кочани Љупчо Папазов кој меѓу другото рече дека пензионерите се тие кои го изградиле сето она што го имаме денес и од кои можеме да учиме за многу работи.

По градоначалникот на присутните со одбрани зборови им се обрати и претседателката на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија која во своето обраќање рече:

– Почитуван градоначалник, почитуван претседателе на Здружението на пензионери Ѓорги Серафимов, почитувани претседатели на здруженијата кои денес сте тука на ова дружење, почитувани присутни. Ве поздравувам и ви посакувам убаво да си го поминете овој ден. Знам дека сите вие со нетрпение чекате да се слушне песната и да се фатите на оро, но дозволете ми да ви кажам неколку збора и да ве поздравам во името на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија. Имам особена чест и задоволство што денес се наоѓам тука заедно со вас, во Пониква, во овој убав предел.

Тоа што сте присутни во така голем број, покажува дека сите сакате да излезете од своите домови бидејќи само со дружење и комуникација се надминува осаменоста што е голем непријател на пензионерите односно на возрасните лица. Пандемијата не затвори во нашите домови и тоа не беше добро.




Оваа средба денес ја организира ЗП Кочани, во соработка со локалната самоуправа што е добро и посакувано, бидејќи интересот е заеднички. На овие средби покрај дружење се разменуваат мислења и искуства меѓу пензионерите, но и меѓу здруженијата преку нивните претседатели. Затоа Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија ги поддржува овие средби кои за пензионерите значат соживот, заедништво, радост...

Почитувани пензионери, денес потрудете се да ви биде убаво и да посакате повторно да се сретнете, дружите за да имате содржајно и квалитетно активно стареење – истакна на крајот Претседателката Трајкова.

По силниот аплауз се слушна песна се разви оро... Интересно е и тоа што сите присутни пензионери беа почестени со по еден сендвич.

Убав и несекојдневен гест за пример! **К.А.**

ЗП Радовиш и Конче

# Пензионерско дружење во комплексот „Ораовичко манастирче“

На 23.07.2022 г., во организација на ЗП Радовиш и Конче, се одржа традиционалното пензионерско дружење во комплексот „Ораовичко манастирче“, Радовишко.





По двегодишна пандемска ковид пауза, и покрај климатската портокалова фаза со топлотни шокови, дружењето беше масовно. Беа присутни над 3000 пензионери од сите краеви на Македонија, со што се потврди, дека пензионерите сакаат да се дружат и забавуваат. Живата музика придонесе дружењето да биде ведро, расположено и весело, проследено со песна и оро.

На почетокот, претседателот на ЗП Радовиш, Мите Стефанов, им посака добредојде и пријатно расположение на присутните пензионери.

Поздравно обраќање до присутните пензионери имаа: градоначалникот на Општина Радовиш, Ацо Ристов, претставникот на ЗП Општина Конче, потпретседателот на Извршниот одбор на СЗПМ, Ментор Ќоку и Николајчо Николов, ктитор на манастирската црква Св. Георгиј која е осветена 2012 г., која што го облагородува со духовност овој комплекс и пошироката околина.

Особена благодарност до Компанијата Бучим која даде придонес во организацијата за пензионерското дружење да биде што поубаво. **П. Кошевец**

Интервју со генералниот директор на ФПИОСМ Дритан Беџети

# Пензионерите се секогаш наш приоритет

***Продолжуваме одговорно да се грижиме за обезбедување на долгорочни одржливи пензии за сите сегашни и идни пензионери***

**● Соработката на ФПИОСМ со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија е на посакуваното ниво особено во последниве неколку години. Ве молам ка-**



**жете ни ги најбитните прашања и проблеми со кои Вие како прв човек се соочувате во работењето на Фондот.**

– Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија имаат тесна и успешна меѓусебна соработка. Заедничка цел се пензионерите и нивните права. Фондот го реализира нивното законско право, додека во соработка со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија заедно и во континуитет придонесуваат во олеснување и донесување правилни одлуки во врска со остварувањето на нивното пензиско право, во исполнување на нивните потреби кои произлегуваат од секојдневието.

**● Фондот е институција во којашто се остваруваат правата од пензиското и инвалидското осигурување, а се врши и исплата на пензиите. Секој месец пензиите редовно се исплатуваат на општо задоволство на пензионерите, а и на Вас како директор на Фондот. Кажете ни нешто за финансиската состојба во Фондот, која верувам дека е постојано во Вашиот фокус?**

– Финансиската состојба на Фондот е стабилна а со тоа и реализацијата на приходите се спроведува согласно со планираната динамика на редовно ниво. Исплатата на пензиите се врши редовно, дури и предвремено, практика од вонредната состојба со пандемијата.

**● Во последно време ФПИОСМ може да се пофали и со повеќе новини во кои е искористена дигиталната технологија и пристапот на луѓето преку интернет до повеќе податоци и документи. Ова доста ја олеснува работата и на Фондот и на сегашните и идните пензионери на сите нивоа и во сите области. Ќе има ли нешто ново и на овој план?**




– Важноста на меѓуинституционалната соработка како и стратегиите за подобрување на дигиталната вклученост на сите услуги, се нашиот главен фокус во институцијата. Фондот ги следи трендовите во светот со редовно учество во меѓународни конференции и се залага тие стратегии и иновации од технологијата да ги применува и кај нас. Целта на Фондот е да нуди услуги преку кои ќе им се олесни на граѓаните кои имаат некомплетни податоци за стаж, со што ќе се обезбеди поефикасно и навремено остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување.

Покрај веќе достапните услуги, Фондот на ПИОСМ преку проекти од Светска банка и работни групи во Фондот работат на унапредувањето и донесувањето на законските решенија за комплетирање на евиденцијата на осигурениците.

**● Едно од значајните прашања за пензионерите е исплатата на посмртната помош, што беше проблематична во услови на пандемија. Познато е дека Солидарниот фонд е во надлежност на Одборот на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина, а средствата ги обезбедуваат самите пензионери, додека Фондот само ја врши исплатата на ова парично давање. Ве молам, кажете ни каква е сега состојбата со исплатата на посмртната помош за што постои голем интерес во јавноста?**



– Фондот на ПИОСМ и СЗПМ разменуваат податоци во делот на исплатата на средствата за Солидарен фонд и членарина на нивните изјаснети членови. Средствата за солидарен фонд – посмртна помош се користат исклучително за исплата на посмртна помош на семејствата на починатите корисници на пензија, на кои им се вршело задршка од пензијата за посмртна помош, а исплатата се врши редоследно според поднесено барање за што е изготвена посебна апликација.

Во изминатиот период, во условите на пандемија се зголеми времето на чекање за исплата на посмртна помош на семејствата на починатите корисници на пензија, но сега тоа е веќе надминато и исплатата тече редовно, редоследно со поднесување барање од членовите на починатото лице.

**● На крајот кажете ни нешто за Вашите лични, но и плановите на институцијата во наредниот период. Пензионерите сакаат да бидат запознаени и информирани. Што може да очекуваат сегашните и идните пензионери особено по прашања поврзани со нивната проблематика?**

– Фондот на ПИОСМ во соработка со Владата на РСМ во континуитет работи на унапредување на правата од ПИО, како и наоѓање решенија кои се во корист на граѓаните.

Пензионерите се наш приоритет и продолжуваме одговорно да се грижиме за обезбе-




дување на долгорочни одржливи пензии за сите сегашни и идни пензионери.

Почитуван директоре, Ви благодариме за отстапеното време и за можноста да ни го дадете ова интервју.

**Калина С. Андонова**
**гл. и одговорен уредник на „Пензионер плус“**

***Согласно со одлуката на одборот на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина од 9 јуни 2022 година на примателите на посмртна помош на кои им е исплатена посмртна помош од 25.000 денари, со исплатата на јулската пензија ќе започне да им се исплатува доплата од 5.000 денари, според редоследот на поднесените барања. Со оваа исплата се планира да се исплатат по 5.000 денари на 1.500 корисници. На останатите корисници разликата ќе им биде исплатена во наредните месеци.***

# Дигиталната технологија доста ја олеснува работата и на Фондот и на сегашните и идните пензионери на сите нивоа

Со кликање и аплицирање на линкот https://uslugi.gov.mk/subcategory/penzisko-osiguruvanje-362 можат да се добијат следниве услуги:

**Издавање на потврда за користење на пензија**

Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија – Одделение за ликвидација на исплатата на пензиските примања по барање на осигуреникот издава потврда дали осигуреникот е корисник или не е корисник на пензија (старосна, семејна или инвалидска).

**- Издавање на уверение за регистрираните податоци во матична евиденција за стажот на осигурување, остварените плати и надоместоци**

Фондот е должен на барање на осигуреникот да му издаде уверение за податоците внесени во матичната евиденција.

**- Траен надоместок**

Правото на траен надоместок можете да го остварите доколку сте згрижувач којзгрижува лице во своето семејство најмалку 15 години. Ова право ќе го остварите доколку сте жена со наполнети 62 години, односно маж со наполнети 64 години, како и доколку сте невработен и не користите право на пензија.

Право на траен надоместок имате и доколку сте родител кој има/л дете со попреченост и за кое сте се грижеле до неговата 26 годишна возраст без истото да користело услуга на вонсемејна социјална заштита. Ова право ќе го остварите доколку сте жена со наполнети 62 години, односно маж со наполнети 64 години, како и доколку сте невработен и не користите право на пензија.

**- Издавање на наод, оценка и мислење оцена на работната способност**

За остварување на право на работа со скратено работно време и/или промена на работно место врз основа на инвалидност, фактичката состојба се утврдува врз основа на наод, оцена и мислење на Комисијата за оцена на работната способност. Комисијата се формира во рамките на Фондот.

**- Утврдување на пензиски стаж поминат во странство**

Осигуреникот кој работел во држава со која РСМ има склучен билатерален договор за социјално осигурување може да побара утврдување на стажот навршен во другата држава.

**- Определување на нов износ на пензија**

На корисникот на старосна пензија може да му се определи нов износ на пензија, ако навршил најмалку една година стаж на осигурување по остварувањето право на старосна пензија, доколку е поповолно за корисникот.

**- Издавање на решение за утврдување својство на осигуреник во пензиско и инвалидско осигурување**

Својството осигуреник за индивидуални земјоделци, продолжено осигурување, свештени лица и упатени работници го утврдува Фондот на ПИОСМ

**- Потврда за живот**

По барање на Фондот корисникот на пензија или паричен надоместок е должен да достави потврда за живот издадена од Фондот.

**- Редослед за исплата на посмртна помош и др.**

Покрај овие веќе достапните услуги, Фондот на ПИОСМ преку проекти од Светска банка и работни групи во Фондот работат во унапредувањето и донесувањето на законските решенија за **комплетирање на евиденцијата на осигурениците**.

Во тој контекст на 19 јули 2022 година, во Фондот на ПИОСМ, се одржа онлајн состанок со претставници од Светска банка – Канцеларија во Скопје, министерката за труд и социјална политика Јованка Тренчевска и консултант од фирмата ФИНИТ од Република Босна и Херцеговина. На состанокот, од Фондот на ПИОСМ присуствуваше директорот на фондот Дритан Беџети и дел од вработените вклучени во проектот финансиран од Светската банка, кои работеа со консултантот од Босна и Херцеговина.

Презентацијата ја одржа консултант од фирмата ФИНИТ од Република Босна и Херцеговина, во врска со реализацијата на Проектот: „Консолидација на податоците на Фондот на ПИОСМ во врска со придонесите на осигурените лица – М4 извештаи“.

Целта на овој проект е донесување на законско решение со кое ќе се надминат проблемите околу недостатокот на податоците за стажот на осигурување во евиденцијата на Фондот на ПИОСМ. Со реализацијата на проектот, ќе се обезбеди поефикасно и навремено остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување. **К.А.**

# СЗО разви стратегија за здраво и активно стареење

Светската здравствена организација (СЗО) разви политичка стратегија со која се очекува како крајна цел да се постигне здраво и активно стареење преку насочување на фокусот кон областите како:

- Предизвици за акција
  - Превенција и намалување на степенот на неспособност
  - Превенција на хронични болести
  - Превенција на рана смртност
- Редуцирање на ризик факторите поврзани со незаразните болести и функционалното намалување, а зголемување на факторите кои го штитат здравјето.
- Воведување на политика и стратегии кои овозможуваат континуитет во заштита кај лица со хронични заболувања или одредена неспособност.
- Спроведување на тренинг и едукација на негователи на стари лица.
- Обезбедување на заштита и достоинство кај старите лица.

# Љубов и интроспекција

Ме инспирира една песна од нашиот поет и писател Тихомир Јанчовски во која вели дека кај нас Македонците не велиме за убав леп, туку убав. А убав да ти доаѓало од љубов. Така што пак доаѓаме до именката баба која е исто од убава, а пак убава е од името на сириската божица Кубаба. Но, тоа се само можни интерпретации. А љубов, па љубовта е тука некаде секаде во коренот на сите нешта, а и во корените на убав/а и баба. Прасловенскиот корен на глаголот љубам е *l'uby, а прото – индоевропскиот *leubh, а на санскрит коренот е *lubhyati.* Значењата се тука некаде слични. Но, денес никој не се бави активно со етимологијата на зборовите, а ние сме како македонски јазик, податни за една таква сериозна анализа, особено после откритијата на Тентов и Бошевски.

Но, ете има луѓе кои се сметаат за големи познавачи на науката и следат се што се случува во астронаутиката. Многумина се противници на теоријата дека човекот навистина стапнал на Месечината. Постојат мислења дека Месечината всушност е гасовито тело, кое не рефлектира, туку емитира своја светлина. А како потврда дека луѓето биле на Месечината се снимките кои во тоа време биле емитувани на телевизија, додека пак методологијата на правење на тие ракети, била изгубена. Обиди да се помине покрај Месечината има пак, но сега без луѓе. Имено на 29 август годинава, ќе биде лансирана Артемис–ракетата, како пробен лет, за во 2023 конечно да бидат во неа и луѓето. Нејсе.

Љубовта и нејзините етимолошки корени и поврзаности со имиња на древни божици и загатката за патувањето на Месечината е само вовед во вториот дел од насловот, а тоа е зборот: интроспекција. Е сега нема да се бавиме со етимологијата на зборот, иако тоа е интересна наука. Сега би сакала малку да го погледнеме овој збор од психолошка гледна точка. А поентата ми е: се бавиме со сè и сешто, а многу малку со повикот (максима) на Делфиското пророчиште на богот Аполон од древна Елада, кое се пренесува со илјадници години наваму, и тоа сè повеќе и повеќе, се слуша тој древен повик: Спознај се себе самиот.

Имено, за да стане човек зрела личност, мора да се бави со интроспекција и сега тоа е една посебна психолошка дисциплина со која се служат некои психолози. Но, покрај сето тоа, можеме да ја сведеме и на едно дневно ниво, потребата од интроспекција, односно познавањето на себеси и согледувањето на себеси. Можеби на тој начин ќе се усовршиме како луѓе кога ќе имаме увид и контрола над своите мисли и чувства. Во психологијата се испитуваат повеќе чувствата, но тие се резултат на мислите и следствено, ако имаме контрола над мислите ќе имаме и над чувствата, кои знаат да бидат многу болни и исцрпувачки. Исто така во дневното сведување на потребата од интроспекција влегува и контролата на тоа што внесуваме во себе: каква телесна, каква душевна и каква духовна храна. Не треба да се препуштиме на стихиите, оти ние сме словесни битија.

Во својата книга „Човекот и неговиот идентитет" академикот Јеротиќ наведува неколку особини кои треба да ги поседува зрелата личност. Но, најпрво тој наведува дека треба да се појде од признатиот факт оти нема потполно зрела личност или како што се вели стручно, личност која би била целосно интегрирана. Постојат само степени на зрелост кои помалку или повеќе се приближуваат на оваа замислена, идеална целина на личноста. Особините кои академикот ги наведува се: 1. Способност да се сака некој друг, а не само себеси; 2. Способност да се контролираат сопствените нагони и импулси; 3. Способност да се поднесуваат непријатности, болка и страдање; 4. Поседување зрела, а не инфантилна свест; 5. Умерена агресивност, без реакција на бес и омраза, но и без претерана плашливост; 6. Способност да бидеме независни.

И конечно, секогаш кога од надворешниот свет и медиумите сме повикувани да стравуваме и да бидеме искомплексирани, бледи копии или да се трудиме да го усовршиме својот надворешен свет, на начин на кој тие сакаат да нè уверат дека така е најпотребно и најдобро за нас, можеме да се втурнеме во интроспекција. Во тоа недогледно море на набљудување на своите мисли и чувства и анализирање на истите или на сиот живот во целина, земајќи ја како репер, сопствената совест или своето морално и љубовно битие или прегрнувајќи во својот секојдневен живот и некаква духовна дисциплина (познатиот психијатар Јунг велел дека за да биде некој зрела и исполнета личност мора да ја познава и да ја живее духовноста на земјата во која се наоѓа), така што ќе се издигнеме на стихијното и бесмисленото живеење и ќе станеме свесни за себе во потполност.

**Маја Белева**

# ЈСП воведе виртуелна автобуска карта

Јавното сообраќајно претпријатие – Скопје, воведе уште еден начин за плаќање во јавниот градски превоз. Станува збор за виртуелна автобуска карта која е замена за неперсонализираната електронска картичка „Скопска". Апликацијата е создадена исклучително водејќи се со паролата „Биди во чекор со дигиталниот свет", а како уште една дополнителна поволност за побрзо и поквалитетно користење на услугите на јавниот превоз во градот. Билети за возење во јавниот превоз во Скопје сега може да се купуваат и електронски преку новата мобилна апликација на ЈСП „Скопје". Наместо во билетарниците и на другите продажни места да се дополнува картичката „Скопска", сега патниците тоа ќе можат да го прават електронски и билетот во автобусот ќе го плаќаат преку електронскиот паричник на мобилниот телефон.

Со мобилната апликација сега корисниците ќе ги имаат сите можности кои ги нуди картичката „Скопска", односно билет за едно возење од 35, со десет возења 250, за еден ден 120, а за цела недела 500 денари.

Апликацијата ги нуди следните услуги: електронско купување и валидирање на билетот; возен ред на автобуси на секоја постојка; мапа која ги покажува постојките што се најблиску и маршрута на планирање.

Во изминативе неколку месеци, апликацијата ги минала сите фази на тестирање и се очекува дека нејзините корисници нема да се соочат со проблеми од техничка природа, а во спротивно можат да пријават проблем и слично на apskopska@jsp.com.mk.

Апликацијата е достапна за корисниците на „смарт" мобилните телефони со Android или IOS оперативен систем. Пред сè, за да се користи апликацијата, мобилниот апарат треба да има вграден и вклучен NFC (Near field communication) интерфејс, преку кој се врши безжичната валидација на билет. Инсталацијата на апликацијата е поставена на Google Play Store под името „Skopska". Со притискање на копчето „Install" ќе започне процесот на нејзина инсталација, по што треба да се притисне „Open". Со избирање на опцијата „Продолжи" (Continue), се отвора екран на кој треба да се внесе телефонскиот број. Со притискање на копчето „Потврди" (Confirm), се преминува на следното ниво на верификација на мобилниот телефонски број, преку внесување на OTP–лозинката, која ќе пристигне како СМС–порака. Потоа ќе се добие екран на кој е прикажан идентификацискиот број на апликацијата (Application ID). Со притискање на копчето „OK" завршува процесот на инсталација и подесување на мобилната апликација за што ќе се отвори екран со потврда за успешно направената регистрација.

За сето тоа, е објавено и видеоупатство за инсталирање и користење на апликацијата во кое детално е објаснет целиот процес и е наведено како може да се купи и да се валидира билет за едно или повеќе возења или, пак, месечен билет.

**Васил Пачемски**

ЗП Штип

# Поскапувањето ги остави пензионерите без огревно дрво

Новонастанатата криза со енергенси оваа 2022 година, а посебно со дрва ги загрижува пензионерите од ЗП Штип. Здружението прави напори да обезбеди огревно дрво кое е најбарано за огрев, но и тоа е со висока цена, поради инфлацијата што галопира.

– Покрај напорите да ги обезбедиме пензионерите кои редовно уплаќаа рати за дрва, наеднаш добивме известување дека се стопира испораката со дрва која беше договорена. Новонастанатата ситуација со цената, која е моментално многу висока, а нема гаранција дека ќе биде последна, создава немир кај пензионерите. Сега раководството на ЗП Штип реши, да им ги врати парите на пензионерите и секој сам да се снабдува со дрва и енергенси, вели потпретседателот на ЗП Штип Јордан Донев. Комисијата за економија и стандард, како некоја сигурност одбра повеќе снабдувачи со дрва, но мал дел пензионери беа обезбедени.

Стравот е присутен кај оваа популација, бидејќи цената на гасот не е сигурна, а греењето на нафта не е изводливо поради немање печки. Пелетите и брикетите бараат посебни печки, но и нив ги нема во доволни количини, а и цените секојдневно им растат. Дрвата се најсигурна варијанта за греење, затоа што пензионерите се популација која израснала со греење на овој начин.

**Цвета Спасикова**

ЗП Дебар и Центар Жупа

# Сработено повеќе од очекуваното

Првото 6–то месечје од годината е период кога се прават анализи за тоа што е планирано, а што од планираното е реализирано во овој период, како финансиските средства се наменуваат, односно со какви резултати се завршени овие шест месеци. Токму овие прашања беа предмет на проширената седница на Извршниот одбор и Надзорната комисија на ЗП Дебар и Центар Жупа, која се одржа на 13–ти јули годинава. Претседателот Петрит Имами, на македонски и на албански, најнапред ги повика присутните со едноминутно молчење да им се даде почит на починатите пензионери помеѓу двете седници на ИО. Потоа тој накратко го изнесе видувањето на ИО при што ја изнесе констатацијата дека сите планирани активности во програмата успешно се реализирани. На седницата позитивно беше оценета работата на здружението, а беа разгледани и усвоени информацијата за неучеството на 20–тата регионална ревија на песни, музика и игри, информацијата за одржување на 26–тите регионални спортски натпревари од четвртиот регион, предлог–одлуката за приходи и расходи за периодот до 30 јуни 2022 година и одлука за ребаланс на буџетот и донесување одлука за покривање на трошоците за поднесување тужба за неисплатена кирија за корисниците на деловните простории.

Програмските активности се одвивале во рамките на планираното, а потрошените средства според резултатите од финансискиот извештај, може да се каже, дека се работело одговорно, плански и домаќински и со истата динамика треба да се продолжи во наредниот период. Претседателот на Надзорната комисија го образложи Извештајот и подвлече дека овој орган редовно ги следи движењата во приливот и одливот на финансиски средства. Сите информации и одлуки едногласно беа усвоени.

**Петрит Имами**

ЗП Прилеп

# Донесени важни одлуки

За членовите на Извршниот одбор на здружението на пензионери од Прилеп, такаречи оваа година немаше „годишен одмор". Покрај низата активности што беа реализирани во текот на летните месеци, како што се редовните екскурзии во Македонија и надвор од неа, редовните еднодневни во близината на градот, членството е активно и на општествено политички план. Така деновиве членовите на Извршниот одбор ја одржаа својата 24–та по ред годишна седница. На неа, беше разгледан финансискиот извештај за работата на здружението во минатите шест месеци од годинава. Беше констатирано, а тоа најпрво го разгледа членството по органоците, а потоа „виза" за шестмесечното позитивно работење даде и Надзорниот одбор, а свои мислења, се разбира позитивни, дадоа и членовите на Извршниот одбор. Сè на сè се констатира дека здружението на пензионери во Прилеп работело финансиски позитивно и покрај реализираните активности.

Извршниот одбор ги потврди и статутарните измени и дополнувања што најпрво ги разгледа и до членството кое расправаше и по ограноците, ги предложи Статутарната комисија при ЗП Прилеп. А, измените се однесуваа на промените и дополнувањата при претстојните избори, покрај телата и органите на ограноците свои предлози за делегати да можат да предложат и членовите на подрачјето на огранокот, како и од членството да произлегуваат предлози за давање на финансиска помош на пензионерите со ниски примања. Всушност овие измени произлегуваат и од потребата од усогласеност со Статутот на СЗПМ.

На седницата членовите на ИО на ЗП Прилеп донесоа одлука да му се додели помош на член на Здружението од 10 илјади денари на член чија што куќа неодамна беше опожарена. Кога станува збор за финансиска помош, секако треба да се истакне и ангажираноста на членовите на комисијата за здравство при ова здружение која на седницата што неодамна ја орджа, ги разгледа пристигнатите барања од над 90 пензионери кои побараа парична помош за покривање на трошоците од различни болести. При ова, по овој третпат годинава беа доделени нешто повеќе од 400 илјади денари. За оваа намена годинава планирани се да се доделат над милион и петстотини денари. И, како што ни рече претседателот на Комисијата за здравство д–р Жарко Митрески вакви средства ќе се доделат на уште, или зависно од потребите, на два наврати до крајот на оваа календарска година.

**К. Р.**

ПЕНЗИОНЕР плус

**Весник за сегашните и за идните пензионери**

**Издавач:**
СЗПМ

Година XV – број 169
август 2022 година

**БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК**

**Издавачки совет:**

**Станка Трајкова** (претседател)
м–р Илија Адамоски
Ментор Ќоку
Менка Темелковска
д–р Веле Алексоски
Славко Трајкоски
Спирко Николовски ОВР
Гидо Бојчевски
Славко Марковски

**Редакциски одбор:**

**Калина Сливовска - Андонова**
главен и одговорен уредник;

**Васил Пачемски**
уредник

**Членови:**
Баки Бакиу,
Верица Тоциновска,
Кирил Ристески
Фруска Костадинова
Јасмина Тодоровска
Лилјана Младеновска

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**

СЗПМ Бул. „Кочо Рацин"
бр. 14 – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **vesnik@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
Томе Ангеловски

**Печати:**
Печатница Серафимовски – Скопје

**Дистрибуција:** „Нова Македонија"

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.

# ЗП Велес - лична карта




**Здружение на пензионери Велес**
**Алексо Демниевски - 29, Велес**
**Тел. 043 239 064, моб. тел. 076 281 421**
**e-mail: velealeksoski@yahoo.com**



**Д-р Веле Алексоски**
**претседател**
**на ИО и на ЗП Велес**

Здружението на пензионери, Велес е формирано 1957 година. При формирањето на здружението, бројот на пензионери изнесувал 650, а денес околу 9000. Организирано е во 14 урбани и месни заедници, со статут, правилници, деловници, програми за дејствување, финансиски планови, со многу нормативни акти и со тела предвидени со Законот за







здруженија и фондации, па така успешно ги остварува зацртаните задачи. Здружението ги опфаќа трите општини, Велес, Чашка и Градско. Основна цел на здружението е да се помогне во остварување на правата на пензионерите од областа на социјалното осигурување и здравствената заштита и да се обезбеди по активно и по квалитетно живеење на пензионерите.

Здружението има сопствена зграда со повеќе простории каде секојдневно се дружат и забавуваат пензионерите како и 24 станови наменети за издавање на пензионери кои немаат свој дом, а имаат мали примања. Зградата се обнови со нова фасада, ПВЦ–прозорци и врати со клима–уреди.

Последните неколку години, Здружението на пензионери изгради и реновира домови во населбите Отовица, Градско, Богомила, Теово и Чашка. Така, пензионерите од повеќе ограноци имаат свое катче за забава и дружење.

Претседател на Здружението е д–р Веле Алексоски кој истовремено е претседател и на Извршниот одбор. Собранието на Здружението брои 25 членови, а Извршниот одбор 13 членови. Одлична соработка здружението остварува со СЗПМ. Секогаш се во координација и дејствуваат според одлуките и насоките што ги добиваат од Сојузот.

Според статутот на здружението постојат повеќе комисии: Надзорен одбор, Статутарна комисија, Комисија за култура, Комисија за спорт, Комисија за доделување на станови, Комисија за инвестиции, Комисија за тековно одржување, Комисија за социјални прашања, и Актив на пензионерки.

Активот на пензионерки, пред сè, како главна задача ја има организацијата „Блакцето на баба“ која се одржува на државно ниво, а за првпат беше одржана 1994 година благодарение на идејата на членките на Активот на пензионерки. На манифестацијата со свои старински македонски блага, учествуваа жени од активите на жени пензионерки од цела Македонија. Собраните средства од манифестацијата секогаш се наменети за хуманитарни цели, на оние сограѓани на кои помошта им е најнеопходна.

Здружението организира предавања од областа на медицината, помага кај стари и изнемоштени лица, учествува на повеќе манифестации организирани од здруженијата на пензионери од нашата земја. Многу често Активот на пензионерки на повеќе ученици од руралните средини им доделува новогодишни пакетчиња, им се помага и на учениците од специјалното училиште од Велес. Активот соработува и со Црвениот крст како на пример за мерење на шеќер во крвта, крвен притисок, а се одржуваат и предавања од областа на медицината и слично. Здружението ги остварува заедничките интереси на пензионерите, па така организира екскурзии во татковината и надвор од неа, учествува на регионални и републички манифестации на „Песни, музика и игри“. На своите настапи пензионерите од Велес ја потврдуваат својата определба за негување на изворната народна музика, фолклорот и развивање на културните вредности на сите народи и народности кои живеат во Велешкиот крај.

Здружението на пензионери од Велес, учествува и на спортските натпревари на регионално и државно ниво. На 25–тата републичка пензионерска јубилејна спортска олимпијада во 2021 година, домаќин беше Здружението на пензионери од Велес, а организатор на овие најмасовни спортски активности е СЗПМ. На оваа спортска пензионерска олимпијада учествуваа 49 здруженија кои се натпреваруваа во 5 дисциплини. Натпреварите како на регионално и републичко ниво беа со поинаква содржина и со помала бројност заради пандемијата од вирусот Ковид 19. Треба да се истакне дека ЗП Велес е едно од 13–те здруженија кои учествувале на првите спортски пензионерски натпревари кои се одржаа пред 25 години во Охрид. При изборот на членови во органите и телата, се води сметка за територијалната застапеност како и соодветна национална и полова структура. Изборот на членовите на органите непосредно се врши во сите огранока, како во градот така и во руралните средини, колку што постојат на подрачјето на Здружението.

Комисијата за култура е „задолжена“ да организира екскурзии на кои пензионерите се запознаваат со разни историски настани, уметнички дела и слично, нерeтко е присутна и на разни културни случувања од областа на литературата, театарски претстави и слично. Пејачката група учествува, покрај на регионалните и републичките манифестации



и на фестивали во и надвор од татковината. Така годинава учествуваше на Меѓународниот фестивал во Велес. Оваа година Здружението ја издаде стихозбирката на поезија „Пензионери – книжевни неимари“ каде се застапени песни



од 8 поети–пензионери. Ја има издадено и Монографијата: „Да не има и кога ќе не нема“, и повеќе книги „Блакцето на баба“ книгата за Комисијата за стратегија „Хуманоста пред сè“ како и стихозбирки од ученици кои биле гости во Здружението по разни поводи.



Една од најхуманите комисии во здружението е Комисијата за помош на стари и изнемоштени лица. Целта на оваа комисија е да им се помогне на старите и немоќни лица. Така многу често им се помага со прехранбени артикли, парична помош, пред сè, за лекување, бањско лекување и слично. Редовно се врши домашна посета на болни и изнемоштени лица, се врши материјална, финансиска и здравствена помош со хуманитарно мото „Од пензионерите – за пензионерите“, се ангажира медицинска сестра во служебен стан и доктор специјалист – волонтер.






Здружението на пензионери од Велес соработува и со повеќе здруженија од нашата татковина, но и со здруженија од соседните земји. Има средби, заеднички прослави, посета на музеи и знаменитости и слично. Здружението има одлична соработка со локалната самоуправа со која има потпишано самоуправна спогодба. Соработката е интензивна со градоначалникот на Велес Марко Колев. Соработката се остварува и со повеќе невладини организации и здруженија на пензионери од нашата земја.

Главна мисла на пензионерите, како и на сите пензионери, е: Да сме здрави и живи, да си помагаме меѓу себе, да се дружиме и да сме хумани, пред сè. Со таа максима здружението опстанува, а ќе продолжи да опстанува и понатаму.

**СЗПМ**




## НЛБ Сребрен пакет

# Вашата пензија секогаш навреме

**НЛБ Сребрен пакет**

- Visa Electron дебитна картичка
- ПЕНЗИОНЕР+ Maestro картичка
- Зегин - НЛБ Банка картичка
- Кредитни картички
- Трајни налози
- Сребрен кредит за пензионери
- Депозити за пензионери

**Поволности**

- Пензија на **првиот работен ден** во месецот
- Плаќање на **рати без камата** во Зегин со НЛБ - Зегин кобрендираната картичка
- **3% Cash back во Веро** маркетите за имателите на ПЕНЗИОНЕР+ картичката
- **Осигурителни поволности** за пензионери во соработка со Сава осигурување АД Скопје

NLB Banka

www.nlb.mk Контакт центар: 02 / 15-600

PROVEN PROBIOTICS

ZEGIN
ВАША СЕМЕЈНА АПТЕКА

# Cardiobiotic






една 30 КАПСУЛИ на ден

- Создаден специјално за одржување и зачувување на здравјето на срцето
- Содржи 10 милијарди соеви на Lactobacillus plantarm (CUL66) и Lactobacillus reuteri (NCIMB30242) корисни бактерии
- Содржи хидрокситирозол (од лист од маслинка)
- Витамин Б1 значаен за одржувањето на нормалната функција на срцето

ЗП Крива Паланка

# Општина Ранковце посветена на лицата од трета доба

Општина Ранковце е рурална општина, со континуиран одлив на младото работоспособно население, во која живеат претежно стари лица, на кои им е потребна нега и внимание од општествените органи. Општината се приклучува во одбележување на годината на рурален пензионер, која е прогласена од страна на СЗПМ, и кон активностите со кои треба да се посвети внимание на руралниот пензионер, кој е член на ЗП Крива Паланка. Општината тоа го прави преку имплементација на проектот „Грижа за стари лица во домашни услови". Проектот Општинско-корисна работа е отпочнат уште од 2013 година, но поради извонредната соработка што ја има со ЗП Крива Паланка, оваа година, посебно се вклучува во активностите и преку проектот посветува внимание на лицата од третата доба.



Проектот е отпочнат со имплементација од први јули 2022 и ќе трае до 31 март 2023 година, односно девет месеци. За негова имплементација се опфатени десет лиценцирани негуватели, од кои осум се за нега и грижа на стари лица во домашни услови и двајца за нега на лица со пречки во развој. Негувателите се невработени жители на Општината, кои се обврзани со посебен договор за општокорисна работа, при што се задолжуваат да доставуваат месечен извештај за дадените услуги.

Координатори на проектот се Ивона Дојчиновска – Филиповска и Славица Стефановска, вработени во Општина Ранковце. Општината партиципира со финансиски средства во износ од 129.600, а од проектот 518.400 денари. Така за реализирање на овој проект се обезбедени вкупно финансиски средства од 648.000 денари.

Од разговорот со негувателите дознавме дека тие се добредојдени во домовите на корисниците, кои задоволни од услугите, упатија порака до градоначалникот Борче Спасовски да се создадат услови проектот „Грижа за стари лица во домашни услови" да продолжи и во иднина. Односно да се имплементира и понатаму, а не само во годината на одбележување на „Рурален пензионер".

**Б. Стојчевска**

ЗП Гевгелија

# Продолжуваат посетите во руралните средини



Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија ја прогласи 2022 година за година на рурален пензионер. Во овој проект на Сојузот се вклучи и здружението на пензионери на Гевгелија. Така во изминатите месеци ЗП Гевгелија и Активот на пензионерки посетија повеќе сиромашни семејства кои живеат во рурални средини. Во јуни месец беа посетени пензионери од селата Кованци, Ново Конско и Давидово, во јули Негорци, Прдејци и Мрзенци. Акцијата продолжи и во август кога беа посетени пензионери во селата Милетково, Хума и Богородица.

Секаде беа доделени пакети со прехранбени продукти, а некаде и постелна преслека и ќебиња. Во септември ќе се посетат селата Моин, Мрзенци и Серменин.

Без разлика каква и колкава е помошта таа е од срце и со почит. Кога на човек му е тешко и се чувствува несреќен и осамен треба да почувствува дека не е сам и дека не е заборавен. Тоа го почувствуваа посетените пензионери од овие рурални средини.

**Јанка Узунова**

ЗП Кавадарци

# Доделени 800 пакети хуманитарна помош за пензионери со ниски примања



Кавадаречките пензионери и пензионерите од руралните средини, имаат причина да бидат задоволни од грижата што се води од страна на ЗП Кавадарци, за ублажување на нивниот животен стандард.

Почитувајќи ги и тргнувајќи од препораките на Владата, со кои им се препорачува на здруженијата на пензионерите, се разбира според нивните можности, да се вклучат во ублажување на материјалната состојба на пензионерите. ЗП Кавадарци за 800 пензионери обезбеди хуманитарна помош во вредност од 1.500 денари за пензионери со ниски примања до 15.000 денари. Хуманитарните пакети ги подготви Тrговското претпријатие „Т–Д" од Кавадарци, кое на распишаниот тендер од страна на ЗП Кавадарци понуди најдобри услови. Хуманитарните пакети ги содржат основните продукти како: брашно, шеќер, масло за јадење, грав, леќа, ориз и прашок за перење. Средствата за реализација на овие хуманитарни пакети, кои за пензионерите значат ублажување на животниот стандард, се обезбедени од членарината на пензионерите, што би рекле: „Од нас, за нас", само што во овој случај акцентот е ставен на пензионерите со ниски примања, каде до израз доаѓа солидарноста. Би потенцирале и тоа што за пензионерите од руралните средини помошта им се носеше во нивното место на живеење од страна на членови на здружението на чело со секретарот Трајче Стојков. Инаку ЗП Кавадарци и за време на пандемијата организираше повеќе хуманитарни акции и секако тоа ќе го прави и во иднина.

**Лилјана Илиева**

ЗП Прилеп

# Кон проектот „2022 година на рурален пензионер"

Љуба и Киро Јорданоски живеат во село Волково – Прилепско, село скриено во пазувите на Селечка Планина, оддалечено од Прилеп околу 6 километри. Волково на прв поглед не е далеку, до селото има асфалтиран пат. А во близина нема ниту продавница, ниту амбуланта. За најмала ситница треба да се оди во Прилеп, а Љуба и Киро се возрасни. Љуба има 82 години и слабо слуша, а Киро е две години помлад, но лежи во постела. Како работник во една прилепска градежна фирма стекнал право на пензија. Младите се отселиле, или како што вели Љуба „ги напуштиле" и сега се сами со старосmassive та и болестите што ги навјасале.

– Тешко е, – вели Киро од малото собурче во другиот дел од дворот, а околу него поигруваат две мали кучиња. Ги посетивме заедно со три активистки – пензионерки на ЗП Прилеп, членки на Активот на жени. Тие им подарија на овие изнемоштени жители на Волково торба со прехранбени артикли и производи за лична хигиена.

Впрочем, ова е дел од активностите што ги прифати Извршниот одбор на прилепското пензионерско здружение поддржувајќи го проектот „2022 година на рурален пензионер" што го подигна СЗПМ.

Тој ден беа посетени неколку рурални прилепски села каде што живеат изнемоштени пензионерки и пе-



нзионери со ниски пензиски примања. Така во селото Прилепец каде што според зборовите на нашиот осумдесетгодишен соговорник Ванчо Мицески живеат уште десетина сами и напуштени од младите жители. И, нему активистките од Активот на жени му подарија торба со производи и размениja мислења за подобрување на нивниот секојдневен живот. Инаку, Бранко живее со својата сопруга Горица. Неговите ќерки не живеат со него. Заминале во подобри и побогати краишта, го напуштиле селото, кое мака мачи без вода, ги напуштиле и нив. „Одвреме–навреме", вели Ванчо, „се слушаме по телефон, а понекогаш тие што се тука, посебно во викенд или кога е сведен во селото, доаѓаат. Ние имаме 5 внучиња и 4 правнучиња. Нека се живи и здрави, ама малку ги гледаме и им се радуваме на нивната весела детска игра".

Во населеното место Ново Лагово, близу до Прилеп, беше посетена 82–годишната Станка Митреска која живее сама и покрај нејзините три ќерки кои ја напуштиле и нејзе и селото. Во истото село со скромни подароци пензионерките активистки ја посетија и помуабетија и со Костадинка Негриевска која се ближи до деведесеттата година и живее сама. Во Старо Лагово со подароци беше посетен поранешниот работник во градежната фирма „Гранит", 79–годишник кој како и многу негови сожители живее сам, иако има челад кои заминале за подобра иднина.

Димче Јосифоски од Волково кој пред да се пензионира работел во градежното претпријатие „Маврово", има 72 години и живее сам во семејната куќа.

Според програмата на Активот на пензионерките при ЗП Прилеп наскоро ќе бидат посетени рурални средини во општините Кривогаштани и Долнени, каде има членови на ова пензионерско здружение.

**К. Р.**

ЗП Сарај

# Посетени пензионери во руралните средини

Годината 2022 од страна на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија е прогласена за година на рурален пензионер. Во рамките на тоа, здружението на пензионери Сарај им посвети поголемо внимание на руралните населени места, особено на тие кои се пооддалечени од градот, со што се труди пензионерите во руралните средини да не бидат заборавени. За таа цел се извршени повеќе активности кога се доделени пакети со прехранбени артикли и хигиенски средства во подалечните села: Радуша, Свиларе, Рашче, Бојане, Ласкарци, Матка, Шишево и други.

Во организација на здружението, а во соработка со доктори специјалисти за уво, нос и грло, е организиран и извршен преглед на уши, при што се доделени бесплатно 86 апарати за слух на пензионерите од селата Кондово, Горно и Долно Свиларе, Радуша, Рашче, Копаница, Буковиќ и Матка.

Од страна на Комисијата за здравство и социјални прашања при Здружението предводена од Д–р Јован Дечков, во пооддалечените села: Радуша, Дворце, Рашче и Горно Свиларе, на пензионерите им е мерен притисок и шеќер во крвта и им се дадени потребни совети за лекување во домашни услови.

Во наредниот период до крајот на годината ваквите активности на здружението ќе продолжат и понатаму со посетата на пензионери и во други рурални средини.

**М. Дураку**

ЗП Бутел

# Здружението продолжува успешно да работи и понатаму



Во текот на месец јули и август одржани се повеќе седници на Извршниот одбор на Здружението на пензионери на Општина Бутел. На седниците се донесени повеќе одлуки, меѓу кои и за посета и дружење на нашите членови со членовите од другите пензионерски здруженија членки на СЗПМ низ Републиката. Во таа насока го посетивме градот Дојран, каде бевме присутни на отворањето на летната сезона за 2022 година. На 18 јули бевме во с. Ораовица – Радовишко, каде уживавме во убавините на комплексот манастири во Источниот дел на Македонија, а во месец август бевме присутни и во рекреативниот центар Пониква на Осоговските Планини. Дружењето помеѓу членовите на пензионерските друштва беше на завидно ниво, без последици по здравјето.

Покрај културно–забавниот живот на нашите членови, во соработка со Црвениот крст на град Скопје, организиравме работилница на која беше мерено нивото на шеќерот во крвта. На оваа работилница присуствуваа околу триесетина членови од нашето пензионерско здружение, при што мерењето беше организирано на задоволително ниво.

Освен овој вид на активности, Здружението има формирано и тричлена комисија составена од: Борис Тарчуловски, Љубица Петрушевска и Петре Зенговски, кои посетија неколку семејства од руралниот дел на Општината и им доделија на болните и изнемоштени членови, еднократна помош во пакет производи за домашна употреба, како и парична помош во висина од 3.000,00 до 5.000,00 денари, во зависност од здравствената состојба на членовите.

Една од одлуките кои беа донесени во изминатиов период е да се вложува во подобрување на просториите услови на канцелариите на здружението, како и на клубот во населеното место Радишани.

За изминатите шест месеци, Здружението им го претстави своето работење на членовите на Надзорниот одбор, на којшто немаше забелешки во однос на финансиското и останатото работење на Здружението.

**Љубица Петрушевска**

## Човеку слушни...

Ако само со очите гледаш,
верувај, малку е.

Ако на срцето твое прозорец отвориш,
и ако зрно на хуманост во него никне
пушти го нека изникне!

Разбуди го огнот на хуманоста
и други срца да стоплиш.
Кога дел од себе даруваш
ти побогат стануваш.

Човеку слушни.
Хуманоста е капка роса
која живот дари
и на млади и на стари,
на цвет, на сè што гори,
и за живот се бори.

Погледни околу себе,
Види го болниот, немоќниот,
тој за надеж моли.
Ти подај му рака,
помогни му, покажи му како се сака!

Човеку слушни!
Со хуманоста, надежи се будат,
за делата твои други ќе судат!
Само рака подај.

И топол збор од душа дај,
со срцето секогаш гледај!
Тогаш и самиот ќе видиш
Колку голем хуман човек ќе бидеш!

Додека во животот чекориш.
Само хуманост нека се жнее
посреќен ќе биде светот
поубаво ќе се живееме.

**Росица Митиќ**

## Хуманост

**Јанка Узунова**

Хуманост е да му помогнеш на беспомошниот
да му дадеш храна на бедниот
и чаша вода на жедниот
да му пружиш рака на осамениот
да го охрабриш обесхрабрениот
да му дадеш надеж на разочараниот.
Хуманоста не се кажува
таа од душа се покажува и докажува.
Затоа биди хуман биди човек со душа
што знае заборавениот да го ислуша.
Подај рака израдувај некој за миг
за да го насмееш неговиот лик
кажи му некој добар збор
кога минеш покрај неговиот двор
и ако тој солза од мака пролее
кажи му дека заборавен не е.
Ако пак на улица сретнеш
човек со натежнати години
кој без збор милост бара
подај му рака, сигурно има некоја мака.

ЗП Валандово

# Реализација на проектот „Рурален пензионер“

Во рамките на проектот на СЗПМ, „2022 Рурален пензионер“, Активот на пензионерки при ЗП Валандово, презема повеќе активности, меѓу кои посета на неколку населени места од општината. Активистките од Здружението најпрво го посетија селото Градиште, кое е најоддалечено од Валандово, каде разговараа со пензионерите и им подарија пакети со прехранбени продукти. Во ова населено место ги посетија Стојан Шишков, 90 години, Живана Филова, 84 годишна пензионерка која живее сама, надгледувана од нејзиниот син и Ката Илиева 94 години која исто така живее сама.



Во село Пирава беа посетени Атанас Тенекеџиев 90 години кој живее сам и е со нарушено здравје, Јана Прнаркова, 86 години, пензионерка која е сосема слепа повеќе од 10 години и скоро неподвижна. Во село Јосифово по препорака на Активистки од огранокот, го посетија Трајче Еркечев 84 години кој живее со сопругата со нарушено здравје, а живеат со минимална пензија.

Исто така, беа посетени Шаип Идризов од село Чалакли и Зекри Османов од Дедели, населени места со турското население, кои се со нарушено здравје и ниски пензии, заборавени од децата.

Во село Удово се посетени Донка Пенова која живее со синот во една соба со минимална семејна пензија, и Ристо Јованов пензионер со нарушено здравје и со ниска пензија.

Сите овие се трогателни приказни за една категорија луѓе кои како да се заборавени од сите. На пензионерите им беа подарени пакети со прехранбени производи во вредност од по 850 денари.

Активистките продолжуваат со посета и на другите населени места.

**Горица Михајлова**

ЗП Лозово

# Посета на пензионери од руралните средини

Во руралните средини во општина Лозово, пензионерите беа посетени од претседателката на Активот на пензионерки и членови на ИО на ЗП Лозово, како и претседателите на Ограноците во селата во кои беше организирана посетата. На посетените пензионери им беа дадени по еден скромен пакет, се разговараше за нивниот живот, се проблемите со кои се соочуваат и за потребите.



Во селото Милино беа посетени Пандорка Стојчева, која живее со синот, Саде Азировиќ, која се движи со помагала а со продукти ја снабдуваат соседите. Беше посетена и Блага Атанасова, лице со посебни потреби, а слични се сториите на Амет Зекири, Бисера Иванова, Благој Ристов, Голубинка Миташева, Даница Бојкова и Феиме Азировиќ.

Во малото село Сарамзалино беа посетени Добрила Андонова немоќна да се движи, живее со нејзината ќерка. Нивната соселанка Даница, која е во многу лоша здравствена состојба и Павле Иванов пензионер со ниски примања, од истото село.

Истиот ден беа посетени во село Аџиматово Стоја Пауновска, која тешко може да се снаоѓа и Кире Анѓелов кој покрај ниската пензија, буџетот го надополнува и со земјоделско производство.

Посетата на пензионерите во с. Каратманово, беше направена во два дена и беа посетени: Цветко Јованов, Трајан Тонев, Љуба Василкова, Милка Митева, Наста Илиевска, Раде Трајчев, Цветко Спасов, Иван Младенов, Фина Стојанова, Мите Дончев, Владе Дончев, Борис Ѓорѓиев и Киро Малинов.

Скоро со сите се водеше истиот разговор околу пензиите, самотијата, болеста и животот на село.

Во еден ден биле посетени и пензионерите од селото Дорфулија, каде најпрво ја слушнале тажната приказна на Виторка Милчева, Снежана Илиева, Миле Досев и Љубен Петковски кој поминал низ многу тешкотии.

Наскоро ќе бидат посетени пензионерите и во други рурални населени места.

**Риска Наќева**

ЗП Кратово

# Посетени пензионери во неколку села

Врз основа на програмата за работа на Здружението на пензионери за 2022 година и Одлуката на Извршниот одбор на ЗП Кратово, за посета на болни и изнемоштени пензионери и донирање на хуманитарни пакети, тричлена комисија во состав од Методи Мишевски, Верка Алексовска и Блаже Цветановски ги посетија пензионерите во руралните населени места.

Тричлената комисија ги посети пензионерите од селата Шлегово, Приковци и Туралево и притоа им врачи хуманитарни пакети со прехранбени производи: зејтин, шеќер, производи за одржување на хигиена и друго.

Претходно беа поделени хуманитарни пакети на пензионерите од населбите во градот Кратово. Оваа активност ќе се спроведува и во наредните месеци во сите рурални населби како и во текот на целата календарска година. Во првиот период беа поделени 26 хуманитарни пакети а потоа уште шест. Сега се изготвуваат списоци на пензионери од другите рурални населби, како и во градот Кратово.

**Методија Мишевски**

Интервју со директорот на Негорски Бањи Димитар Јаневски

# Пензионерите секогаш се наши драги гости

**● Почитуван директоре Јаневски, на почетокот кажете ни нешто за самата бања, каде се наоѓа, што содржи овој бањски комплекс?**



Комплексот ЗУПЛ Негорски Бањи се наоѓа на 3 км од Гевгелија, на надморска височина од 50 метри. Лоциран е во многу специфична средина, во подножјето на планината Кожуф, помеѓу богата и ретка јасенова шума која формира природен парк. Јасеновата шума зафаќа површина од 22 хектара околу комплексот Негорски Бањи и формира појас кој претставува воздушна бања и место за одмор на белите дробови. Овој парк е најголем и најубав во пределите на јужниот дел на Македонија. Во рамките на комплексот работат 3 хотели: Хотел Божур, Хотел Кала и Хотел Јасен, сите именувани по цвеќиња и дрва од нашите краишта. Со други зборови кај нас природата е на прво место. Покрај трите хотели имаме и два ресторана, еден за надворешни гости каде што се организираат секаков вид свечености, како и ресторан кој служи за исхрана за нашите пансионски гости.

Секако, срцето на Негорски Бањи го претставува нашата амбуланта односно делот каде што се даваат здравствените услуги, а најголема ексклузивност ни дава нашата минерална лековита вода која редовно ја тестираме и го потврдуваме нејзиниот квалитет и корисност. Сите наведени објекти и оддели се меѓусебно внатрешно поврзани со што е овозможено непречено движење независно од временските услови.

**● Негорски Бањи се здравствен и туристички центар за продолжена рехабилитација на пациентите. Кои здравствени третмани ги нуди центарот?**

– За здравјето на нашите пациенти и посетители се грижи тим од лекари специјалисти по физикална медицина и рехабилитација, лекар по општа медицина, медицински сестри, физиотерапевти и масери.

Комбинацијата од квалитетен стручен кадар во делот на здравствените услуги како и лековитоста на минералната вода помагаат за третирање на следните болести:

**- Ревматски заболувања - зглобен и вонзглобен ревматизам; Дегенеративни заболувања на коските и зглобовите и 'рбетен столб - артрози, дискус хернија, спондилоза; Посттрауматски и постоперативни состојби во ортопедијата; Заболувања на нервниот систем - состојби по мозочен удар, парези на периферните нерви, неуропатии, мултиплекс склероза, церебрална парализа, мијелити, радикулопатии итн.; Заболувања на гастроинтестинален систем - гастритис, чир на желудник и дванаесетпалачно цревo, воспаление на жолчка и жолчни патишта, хронични воспаленија на дебело црево; Кожни заболувања - псоријаза, егземи; Заболувања на уринарниот систем - воспаление на мочни патишта, камења во бубрег; Кардиоваскуларни заболувања - циркулаторна инсуфициенција на периферни артерии од различна етиологија, почетна артериска хипертензија; Нарушувања во менструалниот циклус, аменореја, стерилитет, хронични воспаленија на јајници и јајоводи; Респираторни заболувања - хронични бронхити, бронхиектазии, бронхијална астма; Латентен дијабет; Остеопороза и др.**

Бањите се опремени со апаратура за следните видови терапија на полето на физикалната медицина и рехабилитација:

**- Електротерапија (дијадинамик, интерферентни струи, тенс, галван, електрофореза, електростимулација); Сонотерапија (ултразвук); Фототерапија (инфрацрвени и ултравиолетови ламби); Вакуммед; Ласер; Магнетотерапија; Кинезитерапија - групна и индивидуална; Хидрокинезитерапија; Екстензија на 'рбетен столб; Парафин терапија;** Подводна масажа; Масажи – релаксациони, медицински и спортски; Детоксикација; Програми за здраво намалување на телесната тежина и антицелулитни третмани.

Во последните 2 години набавивме неколку нови апарати кои го подигаат нашиот квалитет и тоа: Коскен дензитометар – апарат со кој се гледа процентот на оштетеност на коските и се даваат соодветни насоки кон поставување на оптимална терапија за остеопороза; Самостоечки ласер со чијашто помош полесно се аплицира терапијата и се добиваат подобри резултати; како и модерен апарат за ЕХО–дијагностика со чијашто помош се унапредува поставувањето точни дијагнози како во делот на мускулно–скелетни повреди




така и во делот на ехо–дијагностиката на абдомен, тироидна жлезда, дојки, простата итн.

Делот со минералната вода е покриен со 2 базена: Врела бања и Ладна бања. Водата во врелата бања има температура од 40 степени, додека водата во ладната бања 38 степени. Податоци за благотворното дејство на душата и телото на минералните води од Негорски Бањи постојат од далечната 1864 година, а научните докази за лековитоста на водата датираат од 1954 година, кога е формирано бањското лекувалиште.

**● Покрај здравствените терапии што уште нуди комплексот?**

– Бањскиот комплекс располага со повеќе фудбалски терени, патеки за трчање и пешачење, како и патеки за велосипедисти. Пријатната клима и благите зими создаваат идеални услови за рекреација и професионална обука на спортисти.

Секоја година традиционално се одржува Меѓународната изложба на кучиња – Гран–при Негорски Бањи, во организација на Кинолошкото друштво Кожуф, Гевгелија, под покровителство на Кинолошкиот сојуз на Македонија.

Како дел од нашата работа е организирање најразлични манифестации како: шаховски турнири, средби на пензионери – регионални игри и дружења, средби на најразлични здруженија од најранливите категории во државата итн.

Минатата година бевме домаќини на 19–тата регионална ревија на песни, музика и игри во организација на Здружението на пензионери Гевгелија која помина во преубаво светло со многу гости и убава дружба на пензионерите.

**● Во бањата престојуваат голем број пензионери. Каква е соработката со здруженијата на пензионери, членки на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија?**

– Соработката со здруженијата на пензионерите ни е на завидно ниво. Пред сè, имаме коректна и искрена соработка со која помагаме што повеќе пензионери од сите краишта на Македонија да добијат соодветни терапии и пријатен престој во Негорски Бањи. Со потпишувањето на договорот за соработка со секое здружение посебно, овозможуваме попуст на редовните цени од 10% на сите нивни членови во делот на сместувачките услуги. **Здравствените и другите останатите услуги не се во таа цена и дополнително се плаќаат!**

Тоа е нашиот редовен придонес за пензионерите, а во зависност од организираноста, моќноста и желбата на секое здружение посебно, има и други најразлични форми на поволности за пензионерите како: покривање дел од сумата за сместувањето од матичните здруженија на пензионери, некаде линеарно во фиксен износ, некаде процентуално во зависност од висината на пензијата, како и плаќање на повеќе рати со што заедно го намалуваме или ублажуваме финансискиот товар на пензионерите да можат благовремено да се лекуваат.

**● Што ќе им препорачате на пензионерите, но и на нивните здруженија кои имаат намера, но и можност да ги користат благодатите на Негорски Бањи?**

– Можам да кажам дека Негорски Бањи секогаш била и ќе биде на страната на пензионерите. Ние подаваме рака на сите добронамерници што сакаат да соработуваат со нас, на оние кои сакаат да се информираат или да нè посетат.

На пензионерите им препорачуваме редовно да се грижат за своето здравје зашто тоа го заслужуваат после целиот работен век. За останатото сме ние тука да им овозможиме убав престој со корисни терапии и да направиме да се чувствуваат како дома. Што се однесува до здруженијата на пензионерите, тимот на Негорски Бањи стои на располагање за проширување и подобрување на соработката. Секогаш се појавуваат нови идеи нови мислења и можности за напредок во односите и услугите.

Негорски Бањи како дел од групацијата на бањи веќе 3 години активно се залага за повторно воведување на проектот за Бањско–климатска рекреација за пензионери. Овој проект, кој се реализираше од 2010 година преку Министерството за труд и социјална политика, а од 2018 стана дел од ПИОСМ, е многу важен проект за пензионерите, кои покажаа дека оваа структура граѓани е многу задоволна од мерката на Владата, како и од добиените услуги во бањите кои се дел од проектот. Проектот беше стопиран во 2020 – 2021 и во 2022 година, тешкиот период што го предизвика пандемијата на вирусот COVID 19. Заедно со Сојузот на здру-




женијата на пензионерите на Македонија се надеваме дека ќе успееме да ја оствариме оваа цел и проектот да продолжи во наредната година.

**● Како прв човек на овој здравствен и туристички центар какви се вашите планови во контекст на проширување на капацитетите и услугите?**

– Пред почетокот на ковид пандемијата нашата желба и амбиција беше градење нов модерен спа–центар, за кој ги обезбедивме соодветните дозволи и планови. Меѓутоа, со оглед на моменталната ситуација во која се наоѓа светската, регионалната како и нашата економија на континуирана рецесија и сиромаштија, едноставно ќе почекаме подобри времиња кога и финансиските институции во државата ќе препознаваат профитабилни инвестиции во приватниот сектор. Дотогаш ќе бидеме насочени кон реновирање и одржување на постоечките капацитети и објекти, со што би можеле да нудиме добра услуга на нашите гости. Хотелите ни се во добра кондиција, останува да се насочиме кон реновирање на здравствениот дел.

**Калина С. Андонова**

ЗП Крива Паланка

# Чествување на 2-та Илиндена

По повод најголемиот македонски празник Илинден, во организација на локалната самоуправа и градоначалникот на Општина Крива Паланка, се организираше чествување по повод Илинденското востание, прогласува-



њето на Крушевската Република, а и денот кога е одржано Првото заседание на АСНОМ, кога е воспоставена нашата државност. На споменикот на паднатите борци за слобода од НОБ, кој се наоѓа пред општинската зграда на плоштадот „Карпошово востание“, делегации предводени од нивните претставници, положија цвеќе и оддадоа почит на загинатите борци. Свежо цвеќе положија: делегацијата предводена од градоначалникот на Крива Паланка Сашко Митовски, претседателката на советот при Општината Изабела Павловска со своите претставници, делегации на локални установи, партии, невладини здруженија и претставници на Сојузот на борците. По повод големиот државен празник, делегација на ЗП Крива Паланка предводена од претседателот Трајче Давидовски присуствуваше на одбележување на празникот и положи свежо цвеќе и оддаде почит на загинатите борци. За прославата за Илинден 1903 и за удирање на темелите на современата македонска држава зборуваше градоначалникот на Крива Паланка Сашко Митовски.

– На овој празник се поклонуваме храбро и достојно со славното дело на Револуцијата и на поставувањето на темелите на современата македонска држава. Додека во нас тлеат илинденските идеали во нас толку е поголема желбата за поубаво утре, – истакна Митовски. На крај посака: „Нека ни е вечна и вековита Државата“.

Пред присутните имаше свое обраќање и претседателот на Сојузот на борците Славе Јовановски. Тој зборуваше за значењето на Револуционерната борба и за загинатите борци кои ги положија своите животи за денешната слобода што ја имаме и што ги уживаме благодатите од неа.

**Б. Стојчевска**

ЗП Карпош

# Активности на комисијата за одмор и рекреација

После долго пандемско ограничување, Комисијата за одмор и рекреација при Здружението на пензионери Карпош – Скопје, почитувајќи го големиот интерес на пензионерите кои сакаат да се дружат, шетаат и да претстојуваат на отворено особено по долгата, тешка и опасна пандемија со ковид–19, со одлука на Извршниот одбор, продолжуваат со реализирање на предложената и усвоена програмата. Во програмата на комисијата





за одмор и рекреација во 2022 година беа предвидени две екскурзии во мај и јуни и две екскурзии во септември и октомври со платен автобуски превоз од Здружението.

Со стивнување на пандемијата, ја организараме првата постпандемска екскурзија од својата програма за 2022 година. Така, пензионерите со три автобуси беа на еднодневна екскурзија во Штип, а трошоците за патување, со одлука на Извршниот одбор ги подмири ЗП Карпош.

Пред тргнувањето на пензионерите им беа поделени заштитни маски за да се користат во автобусите, согласно на сè уште важечките препораки во затворен простор. Првата кафе–пауза од еден час беше направена во селото Лозово. Во текот на патувањето, пензионерите беа запознаени со некои интересни податоци за пределите каде се поминуваше, (Овчеполската котлина, археолошкото наоѓалише Баргала, и за античкиот град Штип).

Во Штип пензионерите подолг временски период поминаа низ центарот на градот посетувајќи, според индивидуалните желби и афинитети, различни знаменитости на градот. Овде ги издвојуваме Музејот и Заводот на заштита на спомениците на културата, кој воедно е прераснат во музеј за целиот Штипски крај. Тој поседува повеќе збирки од областа на археологијата, историјата, историјата на уметноста и современата македонска уметност. Некои од пензионерите ја посетија црквата Свети Никола, која е катедрална црква на Брегалничката епархија. Црквата е изградена врз старата црква од 1341 година, а храмот е завршен и осветен 1867 година. Внатрешноста на црквата е украсена со живопис на сводовите, фрески и икони по ѕидовите, како и голем иконостас со икони и резба. Друга група на пензионери ја посетија тврдината Исар или попозната како Штипско кале. Тоа е една од главните карактеристики на градот Штип. Се наоѓа на 120 метри над сливот на реката Отиња во Брегалница и целата тврдина е оградена со ѕид од камен. Трета група на пензионери ја посетија Штипската Бања, Кежовица која се наоѓа на два километри од центарот на Штип на излезот од Ново Село. Во Ново Село како учител работел и Гоце Делчев. Денеска во таа реновирана зграда е сместен Ректоратот на Штипскиот универзитет „Гоце Делчев“. Околу пладне беше организирана музичка прослава која како прва екскурзија по пандемската пауза со задоволство ја отвори нашиот претседател Јован Гиновски со ветување оваа година да ги реализираме сите планирани екскурзии.

Напоменувам дека интересот на пензионерите секогаш е многу голем и за други екскурзии. **Душан Јовановиќ**

ЗП Битола

# Зацврстување на пријателствата

Една од целите за одржување на спортските натпревари на здруженијата на пензионерите (регионални и републички) е и замислата за дружење на луѓето од третата доба, но и создавање нови пријателства. А, не е никаква новост, ако кажеме дека со времето пријателството се зацврстува.

Неколку години по ред, екипата од четири членови во спортот „слободни фрлања на кош“ од Битола: Стевче Митревски, Рисо Костадинов, Добре Тодоровски и Славе Танчевски, токму за таа прилика, регионалните пензионерски спортски игри, се подготвуваа на спортските терени, но, што е и поважно, дружењето не ретко се прелеваше и потоа, по завршените обврски кон Здружението на пензионери Битола. Пријателство стекнато токму на спортскиот терен во рамките на пензионерските спортски игри.

Неодамна на 26 регионални спортски игри, кои се одржаа на 14 јуни во Демир Хисар, се сретнаа „лутите“ ривали, спортските екипи во кошарка (слободни фрлања на кош), од Битола, Прилеп, Ресен и Крушево.

Интересна, би рекле, дури и емотивна беше глетката при средбата на ,,кошаркарите„ од спомнатите здруженија на пензионери. Срдечните поздрави на познатите спортисти (некогашни активни кошаркари) многумина не ги оставија рамнодушни. Се изредија позитивни коментари, чиј сведок бев и јас. По воспоставените правила на спортските игри на СЗПМ, на крајот, првото место го освои екипата на ЗП Битола, на која сите им честитаа.




– Ретко сум видел вакво ферплеј однесување. Се стекнува впечаток како резултатот и да нема важност, а се гледа дека сите вежбале и сакаат да постигнат што поголем успех. Но, овде се чини поважно е дружењето, отколку резултатот. Тоа и доликува на возраста, – прокоментира Славе Танчевски.

Токму така. И покрај победата на екипата на ЗП Битола, во слободни фрлања на кош, дружењето, особено со екипата на ЗП Прилеп продолжи и по натпреварите, што се виде од седенката на една маса на спортистите.

Една искрена средба и дружба, вредна за одбележување. **Добре Тодоровски**

ЗП Демир Хисар

# Во посета на демирхисарските духовни светилишта

Минатиот месец, преубавото духовно светилиште во Смилево, манастирот „Св. Апостоли Петар и Павле“ беше домаќин на 50 демирхисарски пензионери кои беа во посета на овој духовен храм да ја видат старата, којзнае колку годишна икона на која се насликани ликовите на двајцата Христови Апостоли Петар и Павле, каде се поклонија и се помолија за добро здравје, за себе, за најблиските, за сите верници, во овие кризни времиња.



Сега веќе комплетно реновираниот и партерно уреден манастирски комплекс, граден со жолт камен, сместен во смилевската корија и опкружен во стогодишен шумски предел е изграден пред повеќе од 150 години а со тоа се вбројува помеѓу попознатите културолошки споменици и самата местоположба на ова духовно светилиште го прави да изгледа величествено.

Тој е составен дел од историското минато на Смилево, но и составен и неразделен дел од смилевското катадневие и роднокрајните смилевци кои останале во селото, најмногу пензионери но и на оние кои поради разни причини го напуштиле и се преселиле во градовите или во други земји.

Присутните пензионери, најпрвин ги поздрави претседателот на ЗП Демир Хисар, Кирило Блажевски кој истакна дека многу се радува што за првпат се организира една екскурзија во овој, сега веќе возобновен и реновиран духовен храм. Свои објаснувања за историјатот на селото и изградбата на манастирот имаа и домаќините на оваа пензионерска средба – делегатот во Собранието на демирхисарското здружение на пензионери од огранокот Смилево, Пецо Коштревски и претседателот на огранокот Ило Геневски.

Чест, со своето присуство ни направи и советникот во Советот на Општина Демир Хисар, смилеецот и главниот „виновник“ за сè што е направено во и околу манастирот, Јорде Кромидаровски.

**Зоран Стевановски**

ЗП Пробиштип

# Над 150 пензионери на летување во Албанија

Убавите и незаборавни спомени, што пензионерите минатата година ги доживеале од 7–дневниот престој на Јадранскиот брег во Албанија, беа предизвик годинава голен број од пензионерите при ЗП Пробиштип да изразат желба и тие да одат на одмор во Каваја – Албанија. Претседателот на ЗП Пробиштип им излезе во пресрет, и во две смени над 150 пензионери по седум дена ги уживаа благодатите на Јадранското Море и на пријатната крајморска клима.



Првата група од 54 членови на ЗП Пробиштип летуваа на брегот на Јадранското Море од 7 до 15 јули, а втората смена која броеше 100 пензионери од 4 до 12 август. Се вратија презадоволни од летувањето и со голема благодарност до претседателот на ЗП Пробиштип Груица Манасиев и неговите соработници. Со втората смена патуваше секретарот на здружението Ангел – Ане Коцев, а со првата претседателот Манасиев кој го замоливме да ни каже што е тоа што толку ги воодушевило летувачите.

– Има повеќе работи, – ни рече. – Прво да започнам од цената за 7–дневен пансион и поволноста што нашето здружение им го дава тој износ на две рати. Потоа ќе се навратам на сместувањето кое беше во луксузно опремени апартмани. Плажата е опремена со лежалки и чадори. И храната беше одлична. За персоналот немам зборови, луѓе кои си ја сфатиле својата работа најсериозно и така постапуваат. Посебно сакам да истакнам како ги поминувавме вечерите кои беа незаборавни. Бидејќи носевме инструменти навечер се слушаше песна и се играа ора. Ни доаѓаа Срби, Босанци, Словенци и Полјаци, кои со задоволство се забавуваа со нашите пензионери.

Во близина на хотелите се наоѓаат градовите Тирана и Драч, а домаќините обезбедиле секојдневен комбе-превоз, па кој сакаше од нашите ги посетија и овие градови. Постоеше и заедничка соба каде што се собиравме и си евоциравме спомени, кој како го поминал денот. Вакви емотивни раскажувања ни пренесоа повеќе летувалци. **М. Здравковска**

# Корисниците на Мој ДДВ може да се вратат на напредниот скенер за скенирање на фискални сметки

Управата за јавни приходи, ги информира корисниците на апликацијата Мој ДДВ, дека може да се вратат на напредниот скенер за скенирање на фискални сметки.

**- Приспособената верзија на Мој ДДВ е веќе достапна на Apple appstore, додека Android верзијата е достапна на Huawei app Gallery, а за Playstore се очекува во најбрзо време одобрување од страна на Google. Корисниците на апликацијата Мој ДДВ ќе треба првин да направат ажурирање (update) на апликацијата на apple Appstore/ Huawei gallery, а потоа да се најават во апликацијата во делот „Профил“ во прозорчето „Тип на баркод скенер“ наместо, „основен“ повторно да одберат „напреден“, информираат од УЈП.**



Од УЈП соопштуваат дека веќе ја почнале исплатата на средства за корисниците кои скенирале фискални сметки во второто тромесечје, односно, во месеците април, мај, јуни 2022 година, и по тој основ на сметките ќе бидат исплатени 550 милиони денари, како поврат од Мој ДДВ.

ЗП Куманово

# Фолклорни активности

Фолклорната секција при ЗП Куманово во изминатите неколку месеци беше мошне активна. Фолклористите при ЗП Куманово во јуни беа учесници на 13–тиот Меѓународен фестивал на фолклорот чиј организатор и домаќин беше здружението на пензионери од Лесковац. Покрај домаќините учесници на фестивалот беа и пензионери од Перник од Р Бугарија, КУД Ѓоко Симоновски од ЗП Куманово, како и гости од Књажевац, Врање, Бор и Неготин од Р Србија. По приемот сите здруженија учествуваа на свеченото дефиле низ градот каде на плоштадот се одигра традиционалното заедничко оро. Пред да започне програмата, обраќање имаше градоначалникот на Лесковац Горан Цветановиќ, под чие покровителство се одржа фестивалот. Присутните ги поздрави и претседателот на ЗП Лесковац, Братислав Здравковиќ. Во натпреварувачкиот дел учествуваа претставници од здруженијата на Србија, додека гостите учествуваа во ревијалниот дел на програмата.




Дружењето продолжи како и секоја година со убава музика. Победник на фестивалот беше домаќинот кој доби диплома за освоено прво место, а останатите учесници добија благодарници.

Членови на ЗП Куманово учествуваа и на Фестивалот на дувачки оркестри во Пехчево, кој е бренд на Малешевијата и синоним на масовна посетеност. Оваа година фестивалот траеше пет дена. Пензионерите–фолклористи, како и пејачката група на ЗП Куманово, во придружба на оркестарот при здружението, зедоа учество на првиот ден од фестивалот на верскиот празник Павловден водени од кореографот Марјан Бошковски – Маки, се претставија со препознатливиот „Кумановски сплет". Може да се каже дека фолклорна и пејачка група на ЗП Куманово не беше случајно избрана да учествува на фестивалот. Тоа беше заради квалитетот на изведбите. Инаку на фестивалот учествуваа голем број културно уметнички друштва и тоа од Делчево, од Р Бугарија, Штип, Свети Николе, Македонска Каменица, Кочани, село Панчарево, Берово и Куманово.

Во име на ЗП Куманово, Љиљана Тричковиќ и подари на Библиотека „Кочо Рацин" Пехчево, свои книги како и книги од други автори. Директорката на Пехчевската библиотека Габриела Костадинова срдечно се заблагодари.

Исто така, ЗП Куманово и УПГ Врање на 29.07.2022 година организираа заедничка средба на Власинско Езеро. Кумановското здружение се претстави со препознатливиот „Кумановски сплет", додека пензионерите од Врање со „Песни и игри од Врање". Многубројната публика не ги штедеше аплаузите. Неодминливо е да се спомене заслугата на фолклорните кореографи, Марјан Бошковски – Маки и Зоран Томиќ. Публиката беше задоволна од одличниот настап на фолклористите од



двете здруженија кои играа со срце и душа. По завршување на програмата учесниците на средбата ја посетија Врањска Бања.

Покрај фолклорните настапи, неодамна се одржа и заедничка средба со претседателите на здруженијата на пензионери од југоисточниот дел на Србија, на покана на претседателот на ЗП Врање Стојча Павловиќ, на која присуствуваше и претседателот на Сојузот на здруженија на пензионери на Србија д–р Андрија Савиќ. Тоа беше корисна средба и прекрасно дружење.

**Љ. Тричковиќ**

ЗП Сарај

# Промоција на книга „Живот во плетеница"

На 09.08.2022 година, во организација на Здружението на пензионери Сарај, се промовираше книгата со наслов „Живот во плетеница" од авторот Митат Синани. Промоцијата се одржа во Клубот на здружението каде присуствуваа пензионери, членови на ЗП Сарај.




Модераторот на средбата Махир Дураку, го претстави авторот, потсетувајќи дека се од исто населено место и дека животот како деца и млади го поминале заедно. Му се заблагодари на авторот за трудот што го вложил, спомнувајќи дека оваа е прва негова книга.

Баки Бакиу, кој е и уредник на книгата, откако даде биографски податоци за авторот, зборуваше опширно за неговата книга. Покрај другото тој истакна дека Митат Синани оваа книга ја напишал во дијаспората. Книгата е една монографија во која авторот детално пишува за својот живот, почнувајќи од детството па се до својата трета доба од животот. Тој во книгата пишува за своето родно село Копаница, за животот кага бил дете, за неговото образование, тешките услови за школување, за моменти од служењето на воениот рок и друго.

Еден дел од книгата ја посветува на работата во дијаспората, за нејзините добри и лоши страни со кои се соочувал во работата како наставник таму, со децата од албанската националност, како преведувач и друго. Книгата ја украсува со три негови песни: „Нашиот јазик", „Мојата мајка", „Раната на печалбата", додека книгата ја започнува со една поезија од Мајка Тереза со наслов „Животот", а ја завршува со една песна од непознат автор со наслов „На никого не му должам во животот".

Книгата е илустрирана со околу триесет фотографи со кои авторот покажува моменти од својот живот, почнувајќи од детството до денес, како и седум поговорки кои зборуваат за животот, ставени на соодветни места во книгата.

На крај од промоцијата зборуваше и авторот на книгата Митат Синани кој се заблагодари на организаторот на средбата, Здружението на пензионерите Сарај, како и на присутните додавајќи меѓу другото дека книгата ја подготвил во дијаспората и откога зборуваше за книгата, нагласи дека има напишано и поголем број песни со тематика, љубовта кон татковината, кои можат да бидат едно следно издание.

**Б. Бакиу**

Тетово

# „Старецот и короната" - најнов роман на Јован Дамјановски




Деновиве од печат излезе најновиот, осумнаесетти, роман на писателот Јован Дамјановски „Старецот и короната". Издавач е „Матица македонска", поговорот го напиша Раде Силјан, а цртежот за корица е на академскиот сликар Павле Кузманоски.

Ова книжевно дело на писателот Дамјановски е сугестивна психолошка драма напишана во романескен стил. Тоа е драматична приказна за луѓето кои ја доживеаја несреќата да се соочат со пандемскиот вирус ковид–19 и последиците од него. Оздравувањето во битката со коронавирусот, во овој роман, претставува како некој таинствен знак дека човечкиот организам наоѓа начин и содржина да преживее. Но, сомнежите упатуваа кон прашањето кое се наметнува во сонот и јавето: дали оздравувањето може да се сфати како конечно. Особено тоа се однесува на луѓето кои се во старосна доба и претставуваат ризична група. Механизмот за преживување нема постојаност и сите сомнежи, верувања и неверувања, упатуваат кон ѕвездите на небото кои во соништата се доживуваат како светилки за потоп кон бесконечноста, каде што завршува човечкиот живот. Главната личност од романот Небојша се прашува дали постои живот кој не се раѓа и умира само по диктат на природата?

Во овој роман неизбежноста на смртта е стожерна тема за толкување на животот. Стравот од смртта е постојано чувство кое како смола се лепи во човековата размисла за постоењето. Заклучок е дека стравот за смртта е навика во човекувањето за која нема одвика. Тешките емоции на стариот Небојша го плашат од помислата дека најтешките работи како да не му се случуваат само во соништата, туку и во будна состојба. Сеќавањето на лекувањето од коронавирусот во собата на проколнатите во коронарната болница на инфективна клиника во Скопје го притиска како тешки судбоносни мигови во кои требаше да се сфати дека има надеж и кога го нема.

Во романот „Старецот и короната" животот се претставува како сонувалка. Останува на читателите да разјаснуваат според своите стојалишта.

**Гојко Ефтоски**

Разговор со директорот на домот на култура во Свети Николе

# Соработката со здружението на пензионерите ќе се збогатува



**● Почитуван директоре, најнапред да Ве запознаеме. Кажете ни кој е Николче Тренчев, директорот на Домот на културата во Свети Николе?**

* Ви благодарам за укажаната чест дел од мојот живот да споделам со луѓето од третата животна доба. Искрено ги почитувам, а нивната животна мудрост многу често ми е од корист. Свети Николе е мојот роден град. Основно училиште учев во Свети Николе, во Штип завршив Средно музичко и Факултет за музичка уметност, отсек Музичка теорија и педагогија и изведувач на народни инструменти. Дипломирав на тамбура, а свирам 5 инструменти. Првото вработување ми е во мојот град во основното училиште „Гоце Делчев" како наставник, а повеќе години бев раководител на подрачно училиште во с. Горобинци. Во Домот на културата работам неколку месеци.

**● Вие од неодамна сте директор на Домот на културата во Свети Николе. Што беше пресудно да се нафатите на оваа важна функција?**

* Земајќи предвид дека отсекогаш ја сакам уметноста, а мојот досегашен стаж е поврзан со музиката, па така го прифатив и ова работно место. Секој почеток е тежок, чувствувам голема одговорност, но ја имам потребната истрајност и верба во себе. Во Домот на културата работата е тимска. Со стручниот колегиум се разгледуваат одредени идеи и се реализираат. Би сакал културните можности да бидат на повисоко ниво отколку сега. Во Домот работат повеќе студија. Културно–уметничкото друштво „Јанко Глигоров" постои 50 години, а годинава славиме јубилеј. Со тимот кој е ангажиран во фолклорната дејност планираме активности во земјата и во странство. Сакаме да го зголемиме членството и со мали дечиња. Имаме и градска библиотека, а во неа читатели се и голем број пензионери. Во план ни е формирањето Младински хор. Ќе организираме и обука на народни инструменти за дечињата. Организатори сме на Меѓународениот фестивал на изворен фолклор. И ова е еден од начините да се зачува од заборав нашата богата фолклорна традиција и обичаите. Организатори сме на Ликовна колонија Ѓуриште која има меѓународен карактер. Покрај нашите ликовни уметници ќе творат и уметниците од Литванија, Црна Гора, Бугарија. Ќе го возобновиме фестивал „Златниот глас". Учесниците ќе бидат од 7 до 77 години. Имаме уште многу културни настани и активности.

**● Почитуван директоре, соработката на Домот на културата во Свети Николе со Здружението на пензионери е со долгогодишна традиција. Кои се Вашите планови во таа насока?**

* Ние поддржуваме и негуваме култура во секој вид. Имаме одлична соработката со Здружението на пензионери, која континуирано трае години наназад, така и ќе продолжи. Ги организираме нивните културни настани, како одбележување на Денот на пензионерите 20–ти септември, промоција на книги и ликовни изложби и др. И тие се редовни посетители на многу културни настани во градот. До пред неколку години, во рамките на Домот на културата, постоеше активно пејачко трио „Ѕуница" чии членки беа пензионерки. Наскоро повторно ќе ја формираме. Исто така планираме на една од пензионерките да и организираме промоција на книга и изложба на слики.

**● Реализација на многубројните активности Ви одзема многу време. Наоѓате ли простор за нешто друго што Ве исполнува и Ви прави задоволство?**

* Правам добар план и организација така што имам време и за професионалниот и за приватниот живот. Моето семејство, двата сина, сопругата и родителите ми даваат сила и позитивна енергија за сè во животот. Веќе 15 години сум член на бендот „Фокус" и тоа ме исполнува. Редовно одиме и кај моите родители во с. Павлешенци, каде што уживаме во благодатите на природата. Таму спортувам со синовите. Покрај тоа наоѓам време и за пријателите, за добар филм, и за добра книга.

**● Која е вашата порака за сегашните и идни пензионери?**

* Зборот култура доаѓа од латинскиот збор „CULTUS" што значи нега – одгледување на нешто. Драги пензионери, со заеднички сили и понатаму да бидеме чувари на македонското културно наследство, да ја чуваме нашата богата фолклорна традиција и обичаите. Бидете активни во секој миг од животот, и нека животот ви биде убав со добро здравје.

**В. Петрушева**

ЗП Куманово

# Мултикултурна поетско-музичка вечер

Куманово е град на културата, на мултикултурализмот, на различностите, град во кој секој има право на сопствен израз, како ќе говори, твори, дејствува, размислува. Ова беше директен повод, Литературниот клуб при ЗП Куманово кој работи веќе неколку години во рамките на Здружението да го надминат, и време беше да се реализира нешто ново, несекојдневно и малку поразлично од досега направеното. Согласно предвидените активности за работа на Клубот, а со помош на раководството на ЗП Куманово се одржа и првата литературна манифестација, во која учествуваа поети од повеќе националности од Куманово и Липково.



ја организира првата мултикултурна поетско–музичка вечер во Центарот за култура „Трајко Прокопиев" на 9 јуни 2022 година.

Како што рече во воведното излагање претседателката на литературниот клуб, Гордана Поповиќ, животот ни носи состојби и предизвици кои не сме ги планирале, но големината на човекот се препознава по силата на говорот. Изминатите години заради пандемијата пензионерите беа пред голем предизвик, но успеаја на свој начин да

Поздравна реч до присутните љубители на убаво пишаниот збор упати претседателот на ЗП Куманово Благе Јакимовски, кој не го криеше своето задоволство што е дел од ова нововостановена поетска вечер и им посака на учесниците уште многу нови авторски дела, како и среќни, долги и исполнети пензионерски денови.

Во продолжение на настанот, со свои стихови се претставија поетите пензионери Гордана Поповиќ, Исмаил Ганиу, Марија Стојчева, Росица Митиќ, Борјана Ралиќ, Дивна Јовановска и Лилјана Тричковиќ. Инаку, присутните имаа можност да слушнат песна и од Аго Хаурдиќ кој оправдано не беше присутен, како и од Верица Петровска од Здружението на инвалидските пензионери. Нивните стихови се напишани на повеќе јазици, а со нивното интерпретирање ги разбудија чувствата и емоциите, и ја разгалија душата на присутните. Поетите–пензионери, создадоа креативна поетска слика, нè однесоа во нивниот свет, ги почувствувавме нивните копнежи, стремежи...

Манифестацијата беше надополнета со звуците на неколку музички нумери и евергрини кои ги изведоа кумановските пензионери, на гитара Владислав Ангеловски и на прим Стевчо Китановски. Модератор на вечерта беше Јасмина Тодоровска, која меѓу другото потсети дека кога нешто се сака, не се важни годините, полот, обичаите, традицијата, културните и јазичните разлики. На крајот на сите учесници организаторот им подели благодарници за нивниот придонес за ова прва мултикултурна музичко поетска вечер.

**Јасмина Тодоровска**

# Препораки и мерки на Владата на РСМ за штедење на струја

Препораки и мерки на Владата на РСМ за штедење на струја кои ќе важат од 1 септември година до 30 март следната година.

**Препораки за домаќинставата:**

● Користете го бојлерот за подготовка на топла вода само кога таа ви е потребна и тоа по можност во ниска тарифа на електрична енергија (евтина струја), без притоа да се наруши квалитетот на живеење. Не го поставувајте термостатот на бојлерот за топла вода до максимум. Колку е температурата на водата повисока, толку е и топлинската загуба кон околината повисока.

● Избегнувајте позиционирање (вклучување) на ладилникот на (нај)ниски температури

● Користете ги разумно грејните тела во вашиот дом

● Во текот на денот користете го што е можно повеќе сонцето за осветлување како и за загревање на просторот во грејната сезона, додека во текот на ноќта во грејна сезона спуштајте ги ролетните и завесите

● Во текот на денот во летна сезона спуштајте ги ролетните и завесите

● Не ги блокирајте и не ги покривајте грејните тела со мебел или завеси

● Ако грејното тело е покриено, тогаш тоа помалку емитира топлина и помалку ја затоплува просторијата

● Користете ја машината за миење садови секогаш полна на нај ниска тарифа на електрична енергија

● Машината за перење алишта користете ја секогаш кога е полна и во време на ниска тарифа на електрична енергија

● Исклучувајте ги светилките во просториите во период кога подолго време не престојувате во нив

● Исклучувајте го компјутерот по завршувањето на работата со него

● Исклучувајте ги полначите за батерии од приклучниците (лап–топ, мобилни телефони)

● Гответе во помали садови или во садови соодветни на големината на ринглата

● Заменете ги старите сијалици (со вжарено влакно) со компактни флуоресцентни сијалици или други соодветни со ознака за повисока класа на енергетска ефикасност

● Редовно менувајте ги филтрите на уредите за греење и на клима уредите во вашиот дом

● Користете енергетски ефикасни (CFL, LED) сијалици

● Поставете туш со мало протекување на вода во вашите купатила

● Изолирајте го таванот во вашиот дом и подобрете ја изолацијата на надворешните ѕидови

● Изолирајте ги добро прозорците и надворешната врата во вашиот дом или заменете ги со нови кои имаат подобри карактеристики во однос на пренос на топлина (низок коефициент на топлопроводливост)

● Намалете го навлегувањето на надворешниот воздух во објектот (процепи, пукнатини итн)

При купувањето на нов производ преферирајте тој да биде со највисока класа на енергетска ефикасност (A+++, A++, A+, A). Уредот со повисока класа на енергетска ефикасност троши многу помалку енергија, а со тоа и пари во однос на уред кој што е означен со пониска класа на енергетска ефикасност

● Исклучете го декоративното осветлување на фасадите на приватните објекти

● Не користете осветлување на внатрешните простории кога има доволно дневна светлина

● Во сезона на ладење подесете ја температурата на климатизерите не пониско од 27 степени, а во сезона на греење не повисоко од 20 степени

● Доколку е возможно инсталирајте на колекторски системи за загревање на вода

● Користете на скали наместо лифт доколку е соодветно за да се намали потрошувачката на енергија

● Користете го клима–уредот кога навистина е потребен и температурата прилагодете ја на разумно ниво

● Кратко и интензивно проветрувајте ги просториите

● Доколку имате финансиски средства на располагање, подобрете ја енергетската ефикасност преку промена на енергетски ефикасни прозори, подобрување на изолацијата, подобрување на енергетската ефикасност на системите за греење и ладење, инвестирајте во фотоволтаични системи

● Полнење на батериите на електричните тротинети во ниска тарифа на електрична енергија (евтина струја).

# Пет уреди кои трошат струја и кога се на мирување

Ова е листата на уреди кои трошат енергија и додека се во состојба на мирување:

**Полнач за мобилен телефон**

Многумина го оставаат полначот во штекер и откако ќе завршат со полнење. Така се чини попрактично, а и често сме мрзеливи да го извлечеме кабелот. Трошокот кој го прави самиот полнач не е голем, но постои.

**Дигитален ТВ приемник**

Малку кој е свесен за работата на дигиталните приемници, но тие продолжуваат да примаат сигнали и кога телевизорот е исклучен Значи, кога ќе го исклучите телевизорот, исклучете го и приемникот, ако го имате посебно. Додека беспотребно работи, троши 22 вати на ден.

**Телевизор**

Дали сте знаеле дека со притискање на копчето за исклучување на телевизорот всушност само го ставате во состојба на мирување. За жал, тоа е така – целосно можете да го исклучите само ако го извлечете кабелот од штекер. Инаку, телевизорот кој не работи, троши 24 вати на ден.

**Компјутери и лаптопи**

Дури и кога се исклучени, десктоп и преносните компјутери работат во мирување. Ако не сакате да ви „крадат“ 95 вати на ден, подорбо исклучувајте ги од штекер. Не треба да се истакнува дека, ако овие уреди ги држите на „stand by“ потрошувачката е уште поголема.

**Уреди со мерач на време**

Со исклучување на еден толку незабележителен детаљ како што е тајмерот на вашиот шпорет, микробрановата печка или машината за перење годишно ќе заштедите и до 120 евра. **Б.А.**

# Внимавајте кога ги користите овие уреди

Некои уреди што ги имаме во нашите домови трошат многу повеќе енергија од другите. Еве неколку од нив:

**Микробранова печка**

Трајно поврзаната микробранова печка троши приближно 24,96 kWh во текот на годината.

**Пегла**

Во просек, пеглата троши 103,83 kWh.

**Рерна**

Рерната просечно троши 148,54 kWh.

**Машина за перење**

Во текот на една година, машината за перење троши во просек 109,2 kWh

**Сијалици за заштеда на енергија**

Штедливото осветлување троши 210,24 kWh годишно.

**Правосмукалка**

Вклучена во штекер правосмукалка троши 176,8 kWh годишно.

**Обични светилки**

Традиционалното осветлување троши дури 1051,2 kWh.

**Електричен шпорет**

Трајно приклученот електричен шпорет троши 1460 kWh годишно.

**Фрижидер со замрзнувач**

Фрижидерот просечно троши 2.277,6 kWh годишно. Сепак, тоа е уред кој е тешко да се исклучи.

**Десктоп компјутер**

Десктоп компјутерот троши просечно 277,4 kWh годишно.

**Индукциска плоча за готвење**

Индукциската плоча за готвење која е секогаш вклучена во штекер троши во просек 1095 kWh

**Машина за миење садови**

Во просек, машината за миење садови троши 374,4 kWh годишно **А.Б.**



# Propozim masash anti krizë që sipas mendimit të Lidhjes do të ndihmonin në përmirësimin e standardit jetësor të pensionistëve

Lidhja e pensionistëve të Maqedonisë propozon pako të masave kundër krizë për të cilat mendon se do të ndihmojnë që të tejkalohet situata me krizën ekonomike, energjetike dhe pandemie dhe që do kontribuojnë në përmirësimin e standardit jetësorë të pensionistëve.

Propozimi i masave kundër krizë do të ishte në më shumë nivele: nga shteti, nga komunat, nga vetë shoqatat e pensionistëve, si dhe nga institucione të ndryshme dhe organizata joqeveritare humanitare siç janë Kryqi i kuq etj.

Në korniza të 76 milionëve euro të siguruara me rishikim të Buxhetit të RMV për pakon masa kundër krizë për përballimin me pasojat e krizës botërore ekonomike dhe energjetike, 330 000 pensionistë përveç rritjes së pensionit, **presin dhe kërkojnë në krijimin e masave të kyçet edhe Lidhja e shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë, si përfaqësues legjitim i tyre e cila më së miri i njeh situatat,** pothuajse të secilit përmes 53 shoqatave, anëtare të kësaj popullate më masive në vend. Në këtë pjesë do të propozonim pos rritjes së pensioneve edhe:

**Niveli i parë** do të ishin masat të cilat do të mund t'i mbështesë **Qeveria e RMV:**

• **Mbështetje financiare për energjinë elektrike për personat me të ardhura të ulëta;**

• **Ndihmë financiare për furnizim me dru dhe peleta për ngrohje për pensionistët dhe persona pleq me të ardhura të ulëta;**

• **Mjete financiare në mënyrë të formave të ndryshme;**

• **Subvencione për pagesë të pjese të ilaçeve të cilat janë të shtrenjta, e që nuk janë në listën pozitive;**

• **Ngrirja e çmimeve të prodhimeve elementare të ushqimit;**

• **Suspendimi, respektivisht ndalja e ligjit për përmbarim;**

• **Edhe ndihma tjera për shtetin të vogla, por të mëdha për personat pleq.**

Bashkëngjitur me këtë kërkesë është edhe deklarata e **ministrit për financa Fatmir Besimi** i cili thotë:

**"Masat kundër krizë do të targetohen. Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut, me më tepër masa dhe vendime me përgjegjësi dhe gjithëpërfshirëse do të siguroj mbrojtje të qytetarëve nga shtrenjtimi të shkaktuara nga kriza globale ekonomike dhe energjetike. Ajo do të thotë se këto mjete do të orientohen kah qytetarët dhe ekonomitë e kategorive të dobëta, kah ata të cilëve u janë më se të nevojshme. Të gjitha këto masa që do të pasojnë lidhen me pritjet e institucioneve financiare ndërkombëtare se presionet me çmimet në tregjet ndërkombëtare gjatë vitit gradualisht do të zbuten, për tu stabilizuar tanimë vitin e ardhshëm".**

Ministri thekson se na pret një periudhë me rëndësi, në të cilën krijimi i mendimit publik do të jetë njëjtë i rëndësishëm, nëse jo edhe më me rëndësi nga masat konkrete ekonomike të cilat do të merren. **Në këtë kontekst janë edhe propozimet e LSHPM me qëllim që të ndikohet në mendimin publik në krijimin e politikave përmbajtura në masat kundër krizë për shfrytëzuesit e pensionit.**

<u>**Niveli i dytë,**</u> përveç shtetit, Lidhja mendon se në ndihmë të pensionistëve në kohë të krizës ekonomike energjetike duhet të kyçen edhe vetë **komunat** përmes organizimit e ndihmave të shumëllojshme siç janë:

• **Transport pa pagesë në qytet dhe deri te vendbanimet;**

• **Hapja e qendrave ditore dhe përforcim i atyre ekzistues;**

• **Ndarja e kuponëve dhe pakove me prodhime ushqimore, mjete për higjienë e tjerë;**

• **Lëshime në banja dhe objekte të tjera nën kompetenca të vetëqeverisjes lokale;**

• **Ndihmë në kushte shtëpiake përmes bashkëpunimit me institucione të ndryshme etj.**

<u>**Niveli i tretë**</u> do të ishin **shoqatat e pensionistëve** të cilat deri më tani e kanë bërë dhe e bëjnë atë me sukses. Në këtë nivel të tretë është përforcimi i vullnetarizmit dhe pjesëmarrja intensive në Projektin e LSHPM "2022 viti i pensionistit rural" me të cilin do të përfshihen edhe pensionistët e fshatrave.

Në drejtim të përmirësimit të standardit pensionist trimëron edhe deklarata e **ministres për punë dhe politikë sociale Jovana Trençevska me të cilën premton:**

**"Bashkërisht me Lidhjen e shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë, do vazhdojmë të krijojmë masa dhe politika të cilat do të jenë dedikuar pensionistëve, të cilat kanë të bëjnë me ndihmë dhe mbështetje edhe në periudhën e ardhshme me qëllim të përmirësimit të standardit të pensionistëve dhe personave pleq".**

Të shpresojmë se me sjellje me përgjegjësi të të gjitha subjekteve, do ta tejkalojmë edhe këtë krizë, siç e kemi tejkaluar krizën më të madhe ekonomike shkaktuar nga pandemia Kovid -19.

**LSHPM**

# Mbledhje me Pyjet nacionale dhe kryetarët e shoqatave

Në organizim të Lidhjes së shoqatave pensioniste të Maqedonisë, e me kërkesë të më tepër shoqatave të pensionistëve, më 5 gusht 2022 është mbajtur takim me drejtorin e Pyjeve nacionale, Valentin Gruevski dhe bashkëpunëtorin e tij Zharko Anastasieski. Në këtë takim ishin të pranishëm kryetarë respektivisht përfaqësuesit nga këto shoqata të pensionistëve: Probishtip, Zlletovë, Negotinë, Veles, Manastir, Kërçovë, Ilinden, Novo Sello, Sveti Nikolë, Makedonska Kamenica e të tjerë.



Qëllimi i takimit ishte që të tejkalohen dobësitë ekzistuese në lidhje me furnizimin me dru për ngrohje për shfrytëzuesit e pensionit me të cilët çdo vit ballafaqohen shoqatat anëtare të Lidhjes. Të gjithë ishin të një mendimi se furnizimi me dru është aktivitet i thellë humanitar i cili praktikohet tradicionalisht në shoqatat. Sipas pikëpamjeve të tyre, dru për ngrohje përmes shoqatave sigurojnë vetëm pensionistët me pensione të ulëta ose ata që kanë shëndet të dëmtuar të cilët kanë shumë nevojë që drutë tu arrijnë te porta e tyre. Por, sikurse edhe shumë herë, edhe në këtë takim është theksuar se SHP rregullisht i plotësojnë obligimet e veta të kontratës për dallim nga operatorët ekonomik të cilët paraqiten në rrol të shitësit dhe shërbimit për mbartjen e druve.

Në takim, secila shoqatë në mënyrë konkrete i parashtroi problemet e veta duke i thënë saktësisht operatorët ekonomik të cilat nuk i kanë plotësuar obligimet si dhe kontratat e bëra me Pyjet nacionale. Gëzon fakti se Drejtori i Pyjeve nacionale dhe përfaqësuesi i tij në mënyrë të qartë u angazhuan se për secilin rast të veçantë do të marrin masa që të plotësohen obligimet e lidhura me kontratë me qëllim të sigurimit të druve tu jepet përparësi pensionistëve.

Në takim, nga përfaqësuesit e shoqatave u dhanë më tepër propozime edhe atë: të shihet mundësia kontrata për sigurimin e druve të lidhen përgjithësisht me Pyjet nacionale ose nëse ajo nuk është e mundur me të gjitha shoqatat, atëherë në kontratat të lidhura me operatorët ekonomik, garant të jenë Pyjet nacionale.

Gjithashtu është propozuar që të lidhen kontrata me Pyjet nacionale, ndërkaq, mbartjen ta bëjnë operatorët ekonomik. Këto propozime flasin se siguri më të madhe në furnizimin me dru për shoqatat e shohin në bashkëpunimin me Pyjet nacionale nga se padyshim është më interes dhe dëshirë të përbashkët që të ndihmohen pensionistët si popullatë më e rritur.

**Stanka Trajkova**
**kryetare e LSHPM**

# Vit i aktiviteteve zgjedhore

Gjatë vitit 2022 kanë filluar aktivitetet zgjedhore nëpër shoqata të pensionistëve - anëtare të Lidhjes së pensionistëve të Maqedonisë. Prandaj, këtë vit Lidhja, ka dërguar rekomandime deri te të gjitha shoqatat e pensionistëve në të cilat janë dhënë udhëzimet për mbajtjen e zgjedhjeve ferr dhe në kualitative. Në rekomandimet është thënë se në shoqatat e Lidhjes zgjedhjet mbahen në çdo 4 vite. Rekomandimet kanë për qëllim që në shoqatat dhe Lidhje të mbahen zgjedhje kualitative dhe prandaj në këtë vit është rekomanduar që të mos bëhen qndryshimet në statutet para zgjedhjeve gjë që lenë dyshim dhe mosbesim në rregullshmërinë e zgjedhjeve.

Vlen të përmendet se zgjedhjet kanë për qëllim që të provohet besimi, rezultatet e arritura dhe e vërteta se vota që do të jepet do të jetë e meritueshme me pritje se aktivitetet në shoqatat do të zhvillohen edhe më me kualitet dhe në mënyrë demokratike dhe në interes të anëtarëve-shfrytëzues të pensionit. Ajo mund të arrihet nëse respektohen rekomandimet se anëtarët të cilët do të drejtojnë me shoqatat duhet të jenë persona me besim dhe të cilët gëzojnë autoritet në mjedisin e tyre. Rekomandimet përmbajnë edhe udhezime për respektimin e përfshirjes e gjinisë nga se në disa shoqata pak janë përfshirë gratë në organet dhe trupat ku sjellën vendime të rëndësishme.

Gjithashtu, në rekomandimet është thënë se zgjedhjet duhet të mbahen pa ndikime politike. Me fjalë të tjera, shoqatat janë organizata qytetare autonome në veprimin e tyre dhe të pavarura dhe si të tilla zgjedhjet duhet të mbahen pa ndikime nga jashtë. Është shumë me rëndësi se ato janë subjekte të cilat vetë sigurojnë mjete për punën e tyre pa pasur nevojë të ngarkojnë buxhetin e shtetit ose të komunës. Nga këtu, shoqatat kanë lirinë e plotë komformë me statutet e tyre dhe akteve tjera që të nbajnë zgjedhje dhe të mos lejojnë që partitë ose komunat që t'ju "thonë" se kush do të jetë kryetar i shoqatës, anëtar i Kuvendit, i Këshillit ekzekutiv dhe organeve tjera. Më habisin disa deklarata se "mjaftë ishte për Ju, tani ne do të qeverisim" pa pasur parasysh se zgjedhjet nuk janë automatizëm por janë proces në të cilin duhet të zgjidhet ai i cili ka rezultate në zhvillimin e organizimit pensionist.

Në fund do përsëris se zgjedhjet edhe në shoqatat edhe në Lidhje duhet të jenë ferr dhe demokratike, mirë të organizuara me respektim të plotë të akteve në shoqatat pa lejuar "ndërhyrje" në ditën e mbajtjes së Seancës konstitutive për çka personat përgjegjës duhet të sigurojnë kushte të sigurta për realizimin pa pengesa të zgjedhjeve.

**Stanka Trajkova**
**kryetare e LSHPM**

SHP Dibër - Qendra Zhupë

# Është punuar më tepër se sa është pritur

Gjashtëmujori i parë i vitit është periudhë kur bëhen analiza për atë se çka është planifikuar, e çka është realizuar nga e planifikuara në këtë periudhë, si përdoren mjetet financiare, respektivisht me çfarë rezultatesh janë mbarуar këto gjashtë muaj.

Këto çështje ishin u shqyrtuan në seancën e zgjeruar të Këshillit ekzekutiv dhe Këshillit mbikëqyrës i SHP Dibër - Qendra Zhupë, e cila u mbajte më 13-të korrik të këtij viti. Kryetari Petrit Imami, në gjuhën maqedonase dhe shqipe, fillimisht i ftoi të pranishmit me një minutë heshtje tu bëhet nderim pensionistëve të cilët kanë ndërruar jetë ndërmjet dy seancave të KE.

Më pastaj, ai shkurtimisht shprehu pikëpamjet e KE për çka e tha konstatimin se të gjitha aktivitetet e planifikuara në Program janë realizuar me sukses. Në seancë është vlerësuar pozitivisht puna e shoqatës, ndërkaq janë shqyrtuar dhe miratuar: Informacioni për moepjesëmarrjen në Revynë e 20-të Regjional të këngëve, muzikës dhe valleve; Informacioni i garave të 26-ta Regjionale sportive të regjionit të katërt; Propozim-Vendimi për të hyrat dhe të dalat për periudhën 30 qershor 2022 dhe Vendimi për rebalancë të buxhetit dhe sjellja e Vendimit për mbulimin e shpenzimeve për parashtrimin e aktpadisë për qiranë e papaguar për shfrytëzuesit e lokaleve të afariste.

Aktivitetet programore janë realizuar në korniza të parashikimeve, ndërkaq mjetet e harxhuara sipas rezultateve të raportit financiar, mund të thuhet se është punuar me përgjegjësi, me plan dhe nikoqirllëk dhe me të njëjtën dinamikë duhet të vazhdohet në periudhën e ardhshme.

Kryetari i Këshillit mbikëqyrës ka arsyetua Raportin dhe ka nënvizuar se ky organ rregullisht përcjellë lëvizjet në hyrjen dhe daljen e mjeteve financiare. Të gjitha informacionet dhe vendimet janë aprovuar njëzëri.

**Petrit Imami**

# Promovohet libri me titull "Jeta në gërsheta"

Më 09.08.2022, në organizim të Shoqatës së pensionistëve Saraj, u promovua libri me titull "Jeta në gërsheta" i autorit Mitat Sinani. Promovimi u bë në Klubin e shoqatës në Saraj, ku morën pjesë pensionistë - anëtarë të shoqatës.

Moderatori takimit Mahir Duraku, fillimisht prezantoj autorin duke theksuar se jemi bashkëvendas dhe sidomos jetën fëmijërore dhe atë të rinisë e kemi kaluar bashkë. Falënderoj autorin e librit për mundin që ka dhënë, duke theksuar se ky është libër i parë i tij.



Redaktori i librit në fjalë Baki Bakiu, pasi dha të dhëna biografike për autorin, foli më gjerësisht për librin e tij. Ndër të tjerat ai tha se Mitat Sinani këtë libër e ka shkruar në diasporë. Është një monografi në të cilën në mënyrë më hollësishme trajton jetën e vet duke filluar nga fëmijëria deri në këtë moshë të tretë.

Në libër shkruan për fshatin e lindjes Kopanicë, jetën si fëmijë, shkollimi fillor, të mesëm dhe të lartë, kushtet e vështira gjatë shkollimit dhe sfidat, momente nga shërbimi ushtarak, për fejesën etj.

Një pjese të librit ja kushton punës në diasporë (në Zvicër), me të mirat dhe të këqijat me të cilat përballet, puna si arsimtar me nxënës shqiptar atje, punën si përkthyes zyrtar për një kohë atje etj.Librin e zbukuron me tre poezi të vetat:"Gjuha jonë"; "Nëna ime"; "Plaga e mërgimit", ndërkaq librin e fillon me poezinë, "Jeta" nga Nënë Tereza dhee përfundon me një nga autor i panjohur "Askujt borxh si kam në jetë".

Libri përcjellët edhe me rreth tridhjetë fotografi me të cilat autori pasqyron momente nga jeta e vet duke filluar nga fëmijëria deri më sot si dhe me shtatë aforizma të cilat flasin për jetën të vëna në vende përkatëse në libër.

Në fund foli edhe autori i librit Mitat Sinani i cili falënderoj organizatorin e takimit - Shoqatën e pensionistëve Saraj, dhe pjesëmarrësit duke shtuar ndër të tjerat se librin e kam përgatit në diasporë dhe pasi dha disa theksime lidhur me librin, tha se kam shkruar edhe disa poezi të cilat mund të jenë një botim i radhës tema e të cilave në të shumtën është malli për Atdhe.

**B. Bakiu**

SHP Probishtip

# Mbi 150 pensionistë veruan në Detin Adriatik

Kujtimet e bukura dhe të paharruara, të cilat pensionistët i kanë përjetuar vitin e kaluar në qëndrimin 7- ditorë në bregun Adriatik në Shqipëri, ishin nxitje që këtë vit numër i madh i pensionistëve pranë SHP Probishtip, të shprehin dëshirë që edhe ato të shkojnë në pushim në Kavajë - Shqipëri.

Në dy ndërrime, mbi 150 pensionistë nga shtatë ditë u kënaqën nga favoret e Detit Adriatik. Grupi i parë prej 54 anëtarëve të SHP Probishtip, kanë veruar në bregun e Detit Adriatik prej 7 deri më 15 korrik, ndërkaq, ndërrimi i dytë i cili numëronte 100 pensionistë, prej 4 deri më 12 gusht. Me ndërrimin e dytë ishte sekretari i shoqatës Angel - Ane Kocev, ndërkaq me të parën kryetari Manasiev të cilin e lutëm që të na thotë se ç'është ajo që aq i ka kënaqur veruesit.

- Ka më tepër arsye. Së pari të filloj nga çmimi për pansion 7-të ditorë dhe të lehtësimet që shoqata pagesën e bënë në dy këste. Vendosja dhe haja ishin të shkëlqyeshme si dhe plazhi. Posaçërisht dua të theksoj se si kemi kaluar mbrëmjet të cilat ishin të paharrueshme. Meqenëse me vete morëm instrumente, në mbrëmje dëgjohej këngë dhe luhej valle. Na vinin Serb, Boshnjak, Slloven dhe Polak, të cilët me kënaqësi janë argëtuar me pensionistët tonë.

Në afërsi të hotelit janë qytetet Tiranë dhe Durrës, ndërkaq nikoqirët kishin siguruar transport të përditshëm me kombe dhe kush dëshironte nga pensionistët tonë, kanë vizituar edhe këto qytete. Ritregime të këtilla emocionuese na thanë edhe shumë verues të tjerë.

**M. Zdravkovska**

Разговор со Душко Ѓорѓиоски актер и режисер

# Секогаш расположен за разговор

Со Душко Ѓорѓиоски, пензиониран актер и режисер, разговорот го водевме во Прилеп. Еве што ни рече веднаш:

– Јас сум пензинер на 73 години, прилепчанец сум, од Куманово, на времена работа повеќе од 30 години во Скопје. Роден сум во овој град, живеев долго со семејството во Куманово, а работев во МТВ во Скопје.

Своевремено дипломирав режија на Факултетот за драмска уметност во Белград, во класата на познатиот професор и режисер Мирослав Беловиќ. По дипломирањето прва работа ми беше режирањето на раскажите на Чехов, вели секогаш расположениот за разговор, а посебно кога станува збор за драмската уметност, нашиот соговорник Душан Ѓорѓиоски. Ќе ви кажам, дека отсекогаш ги сакал расказите на Чехов. Своевремено од неговите 13 раскази драматуршки ги споил и формирал во една приказна како да станува збор за поголемо дело, или краток роман. Мнозина познати режисери, не знаеле дека тоа се дела од познатиот Чехов.

На прашањето колку дела има режирано од неговото дипломирање до пензионирањето, еве што ни одговори:

– Водев евиденција сè до 1994/95 година, тогаш режирав по две секој месец. По дипломирањето се вработив во Кумановскиот театар каде останав на работа повеќе од 14 години. Таму играв повеќе улоги, а и режирав доста дела. Моја прва режирана претстава беше „Црнила" од Коле Чашуле во театарот во Куманово. Работев во Куманово, а паралелно режирав драми за Радио Скопје и за Телевизија Скопје. Имам режирано и играно во МНТ со претставата за Јулие Цезар заедно со Шишков, а во режија на Љубиша Ѓорѓиески.

За време на мојата многугодишна работа во театарот во Куманово и во Скопје имав чест да играм на пример повеќе улоги со бардот на глумиштето на Македонија, Петре Прличко, Ристо Шишков, Благоја Чоревски, Владо Светиев, Вукан Диневски со кого ја одигравме дуо–драмата напишана по романот на Петре Наковски „Постела за Чемерите". Од неа се одиграа дури 156 претстави. Двапати беше изведувана во Прилеп на фестивалот „Војдан Чернодрински".

– Сигурно си добивал награди? – го прашав.

– Многу, не им го знам бројот. Од многуте ќе ја споменам првата награда што ја добив за актерство на ликот Фром во претставата „Пасквелија" од Живко Чинго. Овде секако би требало да го споменам односот на колегите од Театарот од мојот роден град Прилеп кон мене кои заедно со Ненад Милосавлевиќ, не заборавија да ни дадат барем некакво „Пусулче" дека сме биле актери повеќе години на прилепската театарска сцена. Како долгогодишен позна-



наник со Ѓорѓи Колозов, Шенка Колозова, Вукан Диневски, Гоце Влахов, заедно со Миле Вучак по текст на Миле Попоски ја „направивме" и долго ја игравме претставата „Млечен пат", а групата што ја шеташе државата ја нарековме „Патувачки театар – пеш по светот". Не е фалба ако кажам, дека сум автор и имам снимено повеќе телевизиски и многу документарни филмови за повеќе личности и настани. Мислам дека и на задоволство на прилепчани излезе документарниот музички филм за пејачот и спикер на Радио Прилеп, Гога Зафироски, и уште многу, многу други на кои не би можел да се сетам. Би ја спомнал и емисијата во која учествуваше и нашата пејачка звезда Тоше Проевски, на која бев и продуцент и режисер и финансиер, – додава Душко Ѓорѓиоски.

**К. Ристески**

ЗП Куманово

# Промоцијата на три книги

Денот 1–ви јули 2022 година е значаен датум за Росица Митиќ од Куманово, која пред нејзините најблиски, како и пред своите пријатели, љубители на убавиот пишан збор, ги промовираше своите три дела: стихозбирката „Копнеж" издадена 2020 година, стихозбирката „Полноќни шепотења" 2021 година и романот „Поглед во огледалото на душата" издаден во 2022 година.




Во своите дела таа успева да ги вметне сите свои мисли, желби, соништа, сплетени во зборови, извезени во стихови, за да гласно ги пушти да полетаат, и полека да се спуштат повикани од белината на листовите. Преку стиховите Росица Митиќ го смирува водопадот од тагата, од копнежот, кои се слеваат во неа, често со солзи во погледот.

Таа успева во стихот да протечат зборови, како бранови со кои ќе ја разблажува тагата, ќе ја измие душата, и ќе ја наполни со надеж. Според книгите и пишувањето во нив таа научила да чекори дури и по непроодните патишта, дури и кога немала пред себе пат. Така го олеснувала товарот, кога и нејзините мисли и натежнуваат, ја притискаат, ја болат.

Преку пишувањето авторката Митиќ научила да ја препознае судбината, да ја погледне во очи, да се исправи пред неа без страв, да го земе моливот и да напише „одам понатаму".

Преку своите дела и пишувањето таа ја отвора својата душа без страв, без каење, додека ги собира сите времиња во едно: минато, сегашноста, иднината, како што е тоа во нејзиниот прв роман „Поглед во огледалото на душата".

Сите три дела се приказни со спомени и надежи. Во стиховите е вграден нејзиниот копнеж за прегратка, за нова вистина за која мора да се живее, за да се преживее.

Главната личност на романот „Поглед во огледалото на душата", прави муабет со замаглен поглед кон ѕвезденото небо, со поглед вперен кон животот кој тече покрај неа... Таа од време на време погледнува во огледалото на својата душа, за да се виде себе си, во внатрешниот отсјај од огледалото и да го слушне гласот кој и вели: „А што друго е животот, ако не соочување со него и прифаќање на онаков каков што е". Во романот таа пишува за животот на луѓето од трета доба.

На промоцијата се читаа песни од стихозбирките и делови од романот од студенти, а прекрасните ноти на учениците од оркестарот со нивниот професор Филип Петровски допринесоа промоцијата да помине во пријатна атмосфера. Аплаузот на присутните беше доволна награда за Росица Митиќ, која им се заблагодари подарувајќи им ги своите дела на присутните кои ги слушаа нејзините полноќни шепотења и заедно со неа погледнаа во огледалото на нејзината душа.

**М.Р.**

# Мајка Маре штипјанката

Штип, градот под Исарот, е град на мојата младост. Во него пред многу години се подготвував за мојата животна професија. Четирите години поминати во Учителската школа Гоце Делчев останаа во моето сеќавање трајно како нешто прекрасно, неизбришливо. Затоа секоја средба со овој град во мене буди драги спомени. Така се случи и неодамна. Еден колега писател ме покани на промоција на неговата нова книга. По промотивните свечености, со новата книга в раце, се упативме кон блиското кафуле. Бевме тројца: авторот на новата книга, еден за мене непознат човек и јас.

– Мијалче, ако ти се допадне мојава поезија, очекувам да им ја препорачаш на твоите ученици.

– Да, бездруго, како дополнителна лектира – одговори Мијалче.

Го погледнав повнимателно и пред очите ми светна лик на едно некогашно дете за чиј животен пат придонесов и јас како тогашен ученик во Штип. И „клопчето" почна да се одмотува. Како ученик во Учителската школа во Штип живеев кај мојот чичко свртничар на железничката станица. Но, кога бев во четвртата година, на полугодието него го преместија на работа во Велес. За моја несреќа, набрзо од дома добив абер дека моите веќе не можат да плаќаат за моето школување. Со тешка тага еден ден си го зедов куферчето и со автобусот тргнав кон железничката станица со намера да се вратам во моето село недалеку од Прилеп. Кога стигнавме на железничката станица, сите патници го напуштија автобусот, а мене не ми се излегуваше. Кога возачот ме праша зошто не слегувам низ солзи му ја кажав мојата мака.

– Значи, по неколку месеци ќе бидеш учител. Е, чичко Благоја ќе ти помогне. Ајде со мене назад во градот.

Стигнавме во скромна, но чиста и уредена куќа крај реката Отиња. Не пречека неговата сопруга, тетка Маре, во чиј глас го препознав гласот на мајка ми. Набрзо, по играта со другарите, се врати и нивниот дванаесетгодишен син ученик кому играта му беше поблиска од книгата. Чичко Благоја со кроток и разбирлив глас ми рече дека нивното дете се вика Мијалче, дека не е многу по учењето и ако се нафатам да го подучувам можам да живеам кај нив до крајот на учебната година. Се разбира, бесплатно.

Бев возбуден, пресреќен. Па тоа е мојот спас. Јас веќе сум подготвен за работа со деца. Прифатив со голема радост. Со Мијалче учевме заедно, игравме заедно, шетавме заедно. А тетка Маре наместо едно, гледаше две деца. Нејзиниот мајчински збор ни го разубавуваше детството (па јас бев само шест седум години повозрасен од него). А кога заврши учебната година и кога родителите се израдуваа на ученичката книшка од синот ми подарија ново палто и чевли, во знак на благодарност. Се разделив од нив како од блиски луѓе, како од семејство.

– Господине Мијалче, значи вие станавте професор. Многу ми е мило.

– Да, благодарам. А кој сте вие?

– Твоето некогашно повозрасно другарче со кое учеше заедно и го заврши шестото одделение.

Беше возбуден бев и јас. Се прегрнавме пресреќни што умееме да му се радуваме на животот и да ја цениме човечката добрина. Се разделивме со договор за нова средба. На заминување во моите очи се вселија два лика насмеани на колор фотографија. Тоа беа неговите родители кои веќе не се со него. А некогаш, макар и кратко, беа и мои родители.

**Перо Миленкоски**

Занимливости за Македонија

# Бигорски манастир - рај за очите, мир за душата

Има многу места во светот кои го пленат погледот, но сосема малку се оние што ја одмораат и успокојуваат и душата. Бигорскиот манастир во себе ја крие привлечноста на обете – и чудесна глетка за очите и неискажан мир на душата.

Цели десет века од неговото создавање во 1020 година, Бигорски го нудел своето гостопримство и молитвен покров за сите намерници: верници и туристи.

Бигорски манастир бил и останал значаен дел од нашата историја, неодминлив фактор во борбата за нашата национална самобитност и богата ризница на нашата култура и православна духовност.

Во времето кога на овие простори царувал Самуил (976 – 1014), монахот Јован, кој потекнувал од дебарскиот крај, по шест години откако ја нашол чудотворната икона, во 1020 година, на местото каде што ја пронашол, подигнал поголем храм, околу кој започнал да се собира монашкото братство. Со тоа, Јован Дебарски станува првиот ктитор на манастирот.

Во текот на своето постоење манастирот најмногу пострадал за време на турското ропство, кога бил неколкупати рушен и пален. Бидејќи местоположбата била таква, тој да се наоѓа во најразбојничкиот крај во Западна Македонија, опасностите за него биле многубројни и само благодарение на чудата манастирот опстанал.

Денешниот манастирски храм датира од крајот на 18 и самиот почеток на 19 век. Во тоа време конаците ги сочинувале неколку згради. Монашкиот конак, веднаш до црквата, познат како „Горни палат", бил изграден во 1814 година. Највпечатливиот дел, беше вешто изработениот чардак, кој со надворешно издадени скали ги поврзуваше двата ката на конакот. Приземјето отпрвин го сочинуваше простории што служеле за производство на кашкавал, сирење и др. Подоцна, пред пожарот, тука се



наоѓале манастирската кујна, како и магацинските простории. Монашките келии биле распоредени по чардакот на двата ката. Северозападно од црквата се наоѓал конакот со трпезарии, кој бил граден од 1820 до 1825 година. Западно од црквата се наоѓал „Момочкиот конак" кој бил изграден во 1870 година и бил наменет за живеење на момоците – помошниците. Приземјето на овој конак служело како перална, поради неговата близина до чешмите, а на катот биле просториите за живеење.

Меѓутоа, во 60–тите години од минатиот век, од непознати причини, конакот бил срушен и денес овде има пространо бетонско плато. Веднаш зад „Момочкиот конак" се наоѓала „Сејменската кула", каде што живееле чуварите-сејмени.

Друга впечатлива градба која се наоѓа јужно од црквата е манастирската костурница, направена од зеленкав, делкан камен во 1827 година. Во неа се наоѓале черепите на упокоените монаси, кои во периодот на комунизмот биле скриени во темелите на костурницата.

Централното место во Бигорскиот манастир го зазема соборниот храм познат како католикон. Тој бил изграден по углед на светогорските манастири, кон крајот на 18 век, и претставува еден од првите храмови со големи димензии, во периодот по освојувањето на Турците. Најубавиот украс во црквата и она по што е најпознат овој храм е иконостасот, врвно резбарско дело на мијачките копаничари Петре Филиповски – Гарката од с. Гари, со својата тајфа и Макариј Фрчковски од Галичник, кои го завршиле за зачудувачко кратко време, од 1830 до 1835 година. Она што го прави единствен и неповторлив иконостасот е употребата на човечката фигура. Тука мијачките копаничари сместиле сцени од Стариот и Новиот завет. Иконостасот е приспособен на димензиите на црквата. Затоа овде се наоѓаат три реда икони, што е редок случај, бидејќи почесто се среќаваат иконостаси со само два реда икони. Резбаните правоаголни табли под престолните икони се најубавиот дел на иконостасот во Бигорски. Тука се претставени повеќе од 500 човечки и околу 200 животински фигури, илустративно е претставен Стариот и Новиот завет.

Внатрешниот амбиент на манастирската црква е надополнет и со два стола: владичкиот и игуменскиот. И двата стола се дело на истите мајстори – резбари, што го изработиле иконостасот. Зрачејќи на влезот во храмот, во сребрен сјаен оков и преукрасена со дарови од благодарност, поради многубројните чуда, се наоѓа иконата коха, која како непресушен извор излева благодат која чудотвори. Безброј намерници, кои пред неа застанале со вера и од срце го помолиле Крстителот, биле услишани, исцелени од болести, утешени. Во манастирот се наоѓаат уште и моштите на светителот Агатангел Битолски, кои се чуваат во олтарот на црквата и се изнесуваат на поголеми празници и бденија.

Изработката на митри е едно ретко ракоделие, единствено во нашата земја, што сестрите од манастирот посветен на Св. Георгиј Победоносец во Рајчица го имаат наследено од својот старец, архимандрит Партениј – игумен на Бигорската света обител. Ова древно искуство е зачувано во Црквата уште од времето на Византија. Имено, православната митра е моделирана според византиската царска круна, бидејќи привилегијата да носи митра Вселенскиот патријарх ја наследил од византиските цареви, а преку него, таа се пренела и на сите архиереи.

Големиот пожар што го снајде Бигорски во 2009 година целосно го уништи монашкиот конак со својата уникатна и живописна архитектура. Среде оваа, според многумина, голема трагедија, врските во Бигорското братство не само што не се раскинаа, туку дури и уште повеќе се зацврстиле.

**М. Дамјаноска**



Кредит за
пензионери
до 75 години
До 160 000. на 36 месеци
Месечна рата 2 608 денари
Земи 40 000 денари
Рок на отплата 24 рати
Аплицирај за кеш кредит во експозитура, на www.iutecredit.mk, преку мобилната апликација MyIute или на телефон 13 333. Ние ќе ти помогнеме при аплицирањето.
Парите се достапни за 15 минути.
iutecredit




Пензија на 1-ви!
Станете корисник на услугата Пензија на 1-ви и очекувајте ја Вашата пензија порано од сите други.
Понуда и услуги за пензионери:
· Потрошувачки кредит за пензионери со фиксна каматна стапка во првите ДВЕ години почнувајќи од 6,75% и вклучена полиса за животно осигурување;
· Максимален износ до 300.000 МКД;
· Трансакциска сметка и дебитна картичка;
· Без надоместок за следење на Електронско банкарство.
За дополнителни информации посетете ја нашата веб-страница www.sparkasse.mk или информирајте се преку Контакт центарот на телефонскиот број 02-3200-600.
SPARKASSE Bank
Банка на вашето семејство
*Клиентот при доспевањето на последната рата од кредитот може да има максимум полни 70 години.
14,28% СВТ за потрошувачки кредит на износ од 300.000 МКД; рок на отплата 6 години; фиксна каматна стапка од 6,95% п.а. за првите две години и променлива каматна стапка од 8,75% п.а. за преостанатиот период; трошоци за апликација 1.000 МКД; провизија за одобрување на кредитот 1.000 МКД и премија за животно осигурување за лице на 64 години од 42.229МКД (според условите на осигурителната компанија). Врз висината на СВТ влијае рокот на отплата на кредитот, износот на кредитот, надоместоците за аплицирање и обработка на барањето за кредит, премијата за животно осигурување како и висината на номиналната каматна стапка.




## Мудри мисли од Владета Јеротиќ лекар, психотерапевт иписател

● Голема вештина е да се разговара со човекот.

● Не знам дали кој било човек е во состојба да љуби, ако не бил љубен. Или на друг начин, колку сме и со каква снага во детството сме биле сакани, толку ние ги љубиме другите.

● Вистинскиот плод на нашата душа не е смислениот збор, ниту беседата која грижливо сме ја подготвиле и украсиле. Нашиот плод е оној збор кој ќе „излета", кој неконтролирано ќе го изговориме, оној кој извира од „сувишокот на срцето"

● Некој древен мудрец рекол: Кога нешто сакаш во животот, најпрво треба да размислиш со ладен разум, потоа да прифатиш со топло срце, а најнакрај да извршиш со чисти раце.

● Стравот го лечи – верата, а жалоста – надежта, а себичноста – љубовта.

● Сите достигнувања на модерната техника, како и на модерната медицина, го направија животот, а сигурно и смртта, потежок и помачен. Само волјата за смисла може да нè направи одговорни и дури тогаш спремни да си помогнеме себеси и на општеството.

● Човекот е задоволен и се насладува кога некој го љуби, но радосен е кога тој љуби. Љубовта и радоста се секако оние човекови особини, кои го прават најголема сила на природата.

● Бракот е доживотен предизвик на партнерите! Потребно е паралелно самопоправање. Потребно е да остане барем малку љубов, почитување и интересирање за партнерот. Партнерот ја познава нашата Сенка, Персона, Анима и Анимус, тој/таа не може и нема да ни се восхитува.

● На природното тежнеење кон љубовта потребни се поволни услови за развој. Бидејќи да сакаш друг човек значи и да го разбираш, а секако и – да му простуваш. Не е доводна лесно да се љуби човекот онаков каков што е, но ако бидеме во состојба не само да го прифатиме туку и да го засакаме токму онаков каков што е, ќе го поттикнеме да стане онаков каков што може да биде.

● Ако нема вера, надеж и љубов, а одамна ги нема, барањето на смислата е во задоволството, задоволувањето на нагоните и површните сензации.

● Покорни сме од страв, а послушни од љубов.

● Иако предупредувал дека предизвиците во бракот се тешки и дека на тој однос мора непрестајно да се работи, истакнувал дека бракот може да се подобри, но постои еден услов – „Сè може во животот да се поправи, залечи или излечи па зошто не и некој брак, под услов во него да не се угасиле пламените на љубовта, односно духовноста".

● Сомнежот е плод само како преодна и минлива фаза во развојот на личноста, но често за жал, особено на оваа бурна и тресна земја, на која се сомневало во сè и секој, тој останува трајна и неизменлива туробна божица – придружник на нашето битие.

● Само човекот е тој кој не простува ниту на себе ниту на другите, туку бара освета, така што со агресија ги казнува другите, често невините луѓе и народи, а денес сè повеќе казнувајќи се сам себе, навлекувајќи си ги несвесно сите можни психосоматски болести, алкохол и дрога, заболувајќи од депресија и др.

**Маја Белева**

## КРСТОЗБОР



**Хоризонтално:** 16. Дел од автомобил; 17. Превлака на Малака; 18. Држава на Пиринеите; 19. Поранешен фудбалер и менаџер Краснодар (1945–2020); 20. ЕДЕН ОД НАШИТЕ НАЈГОЛЕМИ ДРЖАВНИ ПРАЗНИЦИ И ИСТОВРЕМЕНО ГОЛЕМ ВЕРСКИ ПРАЗНИК И ДЕН КОГА Е КРЕНАТО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ; 21. Град во Алжир; 22. Река во Русија; 23. Памет, ум (турц.); 24. Река во Бугарија и Грција (290км); 25. Англиско машко име (Ричард); 26. Носач (мн.); 27. Автознак за Турција; 28. Долги влакна на вратот на коњот, кај лавот и други животни; 29. Знак за алт; 30. Самогласка; 31. Смело; 32. Музичка нота; 33. Определување вредност на нешто; 35. Руска космичка агенција (крат.); 36. Град во Јапонија на островот Кјушју; 37. Бротче што се употребува при црноморскиот брег на Мала Азија; 38. Извик на задоволство; 39. Името на македонската и балканска музичка легенда Проески (1981–2007); 40. ГРАДОТ ВО КОј Е КРЕНАТО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ; 41. Типографски работник; 42. Поединец (мн.); 43. Тешки товарни возила (крат.); 44. Холандски шахист и композитор на шаховски проблеми, Анри (1892–1931).

**Вертикално:** 1. Многу подвижен, брзоплет; 2. Европска река (812 км); 3. Водач на ајдуци (мн.); 4. Предлог; 5. Сврзник; 6. Едногодишно ниско растение со мешункасти плодови богати со масло кои растат под земја;(мн.); 7. Шкотска машка облека; 8. Различни согласки; 9. Речен остров; 10. Советски политичар и државник Јуриј (1914–1984); 11. Хемиски симбол за азот; 12. Предлог; 13. Дел од разгранета организација (мн.); 14.Кратенка за Италијанската радиотелевизија (Радиотелевисионе Италиана; 15. Името на македонската пејачка Гиева (1938); 17. Музичка нота; 18. Единица за работа и енергија во ЦГС системот; 20. Името на нашиот поет, раскажувач, литературен критичар и колумнист Климан (1950); 21. Француска кратенка за Меѓународното здружение на уметничките критичари; 23. Различни самогласки; 24. Службена кратенка за Република Франција; 25. Автознак за Велес; 26. Псевдонимот на руско–францускиот уметник Ромен Тиртоф (1892–1990); 27. Друг (франц.); 28. Еден од организаторите на НОБ во Македонија и Народен херој на Југославија, Мирче (1915–1943); 29. Град во Германија; 31. Знаци за предавање тајна информација; 32. Спортски израз за топката вон игралиштето; 33. Авенија (крат.); 34. Подземниот свет во Стариот Рим; 36. Буква од абецедата; 37. Автознак за Штип; 38. Името на шведско–американската глумица,пејачка и танчерка Маргарет (1941); 40 Знак за крал во шахот; 41. Автознак за Шпанија.

**Лик и состав: Георги Хаџи-Васков**

**Решение: браник, Кра, Андора, Рора, ИЛИНДЕН, Оран, Зна, акал Арда, Рик, амали, ТР, грива, а, бодро, фа, оцена, РКА, Оита, Цапа, охо Тоше КРУШЕВО, ецер, единки, ТТВ, Веник.**

## Хумор

Трпана му ѕвони на Трпе:

– Не сум нешто добро, мислам дека имам температура!

– Одма доаѓам, што да ти земам?

– Златна нараквица.

* * *

Трпе оди на доктор и докторот го прашува:

– Колку килограми си бил најтежок до сеа?

– 90 кила докторе..

– А најмалку?

– 3 кила и 800 грама, кога сум се родил, ама тоа било пред 70 години.

* * *

Трпана ја застанале на улица да одговори на анкета:

– Добар ден Госпоѓо, дали сте мажена?

– Да.

– Според Вас, што е најважно за да опстане бракот?

– Дефинитивно вниманието...

– А зошто вниманието?

– Па морам да внимавам да не ме фати маж ми!

* * *

Го застанала полиција Трпе и му се обраќа:

– Господине, возачка немате, прва помош немате, појас немате... Кажете што имате?

– Имам 50 евра.

– Па така кажете, човек треба со клешти да ви ги вади од џебот...

* * *

Трпана лута му се дере на Трпе:

– Ѓубре едно! Си спиел со сестра ми!

– Ама не е така, се збунив ве помешав...

– Па како успеа бе? Јас сум црнокоса а таа е русокоса?

– Ама презимето ви е исто.

* * *

Трпе на телефон со брза пошта:

– Кога ќе ми ја донесете пратката?

– Помеѓу 9 и 16 часот. А вие на кој спрат бевте?

– Помеѓу 1 и 12 спрат...

* * *

Македонија... Двајца работници вработени во јавно градско претпријатие:

Едниот копа дупки, другиот зад него ги затрупува.

Еден случаен минувач ги забележува и прашува:

– А бе ти зошто ги копаш тие дупки, кога вториот зад тебе ги затрупува?

– Тој не е вториот, туку третиот. Вториот е на одмор, инаку тој ги ставаше дрвцата...

* * *

Анкетар го прашува Цветко:

– Какво е вашето мислење за секс на работно место?

– Никакво. Прво јас сум оженет човек, а како второ изборот е никаков...

– Извини, а каде работиш?

– Работам од дома...

* * *

– Мора да те предупредам дека муж ми се враќа за 1 сат.

– Ама ја ништо не праву!!!

– Е б'ш за тој, време си провaѓа...

* * *

Трпе му се жали на Цветко:

– Излегов со една на кафе и почна да нарачува: Кафе, Пица, Вино,Тирамису...

Па ја прашав:

– Што не ја зеде и сметката за струја да ти ја платам?

* * *

Малиот Трпе го прашува татко си:

– Тато, што се Европски фондови?

– Тоа се пари земени од сиромашните во богата држава кои се даваат на богатите во сиромашна држава.

## Лисицата и грозјето

Лисицата, гледајќи го грозјето на една висока лоза, се обидувала на секој начин да го достигне. Неможејќи да го докачи иако се обидела сè, заминувајќи рекла:

– Па и не е толку убаво. Ми изгледа дека е уште кисело, па ќе ме болат забите.



ЗП Битола

# По 25 години на Пелистер - Ѓоката „слезе“ на Широк сокак

Многу битолчани и љубители на Пелистер често или понекогаш, кога се искачуваа на врвот Пелистер (2601м) каде што се наоѓа антенскиот столб на македонската Радиодифузна мрежа, имаа можност да се сретнат со Ѓорги Костовски – Ѓоката и од него да бидат почестени со чај, за да закрепнат за подоцна освежени да се вратат во градот. Ѓоката на сите им укажуваше како побезбедно да крстосуваат низ планината, а на некои дури им ги покажа најбезбедните патеки, доколку не можеа, или не знаеја како да се снајдат при слегувањето. Некои од нив се изненадени што Ѓоката го среќаваат сега на Широк сокак, на шеталиштето или во другите битолски познати места.



– По цели 25 години поминати на Пелистер заминав во пензија што не значи дека и натаму нема да се искачувам на планина. На Пелистер се искачив од своите најмлади години и тој ми влезе во душата – ни рече Костовски.

Тој како љубител на планините учествуваше и во македонската експедиција предводена од Јове Поповски, од која битолчанецот Димитар Илиевски–Мурато на 10–ти мај 1989 година како прв Македонец го освои највисокиот врв на светот Монт Еверест (8848) на Хималаите. Костовски како планинар се има искачувано на многу високи планини во светот. Заедно со други битолски и македонски планинари уште во 1979 година, се искачи на Монт Блан (4807), а престојувал на Андите, во Памир, Кина, Италија. За врвовите на Балканот и низ Европа да не набројуваме.

– Роден сум во 1955 година, во потпелистерското село Трново, но, уште како мал се преселивме во Битола. Цели 19 години работев во Свиларница „Илинден“, но, кога се вработив во МТВ ми се исполни желбата најчесто да престојувам на врвот на Пелистер. Оттаму со разни експедиции кога бев слободен се искачував и на многу други планини во светот – истакнува Ѓоката.

Тој во 1984 година на планината Памир спасувајќи двајца австриски планинари му измрзнаа и го изгуби десното стапало, но и покрај тоа продолжи да се искачува на планинските врвови. Ги забележуваше убавините на Матерхорн, Монте Роса, Мустангата и многу други но, убавините на Пелистер му се врежани во душата. Сега како пензионер ќе настојува љубовта кон планината да им ја всади на внукот и внуката.

– Низ планините стекнав многу пријатели, вљубеници во височините како мене. Таа е целиот мој живот, но и сега како пензионер ќе настојувам на секого да му помогнам како најбезбедно да се движи низ планината. Има многумина што не знаат какви тешкотии кријат височините затоа треба нивната љубов и страст да биде исполнета со внимание, дисциплина и придржување на правилата и прописите за движење низ планина и приспособување кон нив на своите психофизички способности, – споменува Костовски.

Тој во слободното време во близина на антенскиот столб каде што е подигнат споменик на Мурато, постави камена патека и платформа за да може сите да го посетуваат тоа обележје.

Како човек што ги посетувал природните убавини и уживал во нив, на пензионерите без разлика на нивната возраст им препорачува движење, па и на повисоки места, зашто на тој начин подобро ќе го чуваат своето здравје и ќе црпат морален импулс за совладување на многу други тешкотии со кои се соочуваат возрасните луѓе.

**П. Ставрев**

Пробиштип

# Средби кои не се заборават

Моментите кога се завршува средното образование, кога завршуваат матурските испити, кога по четиригодишно другарување се разделуваме, се мигови исполнети со радост и тага. Се радуваме што сме го завршиле средното образование, но уште повеќе тагуваме што ќе се разделиме од довчерашните другари, пријатели и соученици. Тоа се мигови на испомешани емоции но, се раз-



бира, секој треба да тргне по својот пат, да си ја бара среќата.

А кога ќе поминат 10/15/ 20 или повеќе години од матурата, почнуваат договарањата за генерациските средби, тогаш на радоста и нема крај. Така се случи на 16 јуни, кога една од последните генерации на Учителската школа Гоце Делчев од Штип прослави редок јубилеј, 60 години од матурата, од напуштањето на школата во која 4 години учеа, другаруваа и се подготвуваа за корисни граѓани, добри учители и беспрекорни педагози.

Се сретнаа повторно во градот од каде што започнаа да ја градат својата иднина, во градот на својата младост, во градот каде што ги поминаа најубавите години од својот живот, градот од кој носат незаборавни спомени. Оваа генерација, која матурираше 1961/62 година беше и најголемата генерација на Учителската школа во Штип. Броеше 206 ученици и 7 паралелки, а функционираме како да сме сите во една паралелка.

На годинашнава средба, се собравме само 26 ученици. Некои оправдадни причини, поради болест или под товарот на годините се извинија и не можеа да дојдат, а некои засекогаш заминале.

Но, колку значат овие средби, поготово кога се одбележува 60–годишен јубилеј говори и фактот што нашиот колега Јордан Јорданов кој 20 години живее во Америка, кога го информирале за средбата, тој како што рече не размислувал за далечината, за патот и трошоците, туку веднаш тргнал на пат кон Македонија, во Штип. Беше пресреќен и презадоволен што по толку години повторно се среќава со своите соученици.

А, што значат учителите за своите ученици, какви спомени зачувале за нив, за она што ги воспитале да станат корисни граѓани на нашата татковина, говори уште еден пример. Бевме на средина од веселбата, кога дојде средовечен човек и го побара својот учител од прво до четврто одделение Никола Димитров. Сите пријатно се изненадивме кога го прегрна како родител, му се заблагодари и му подари скромен подарок.

Да спомени, дека на почетокот од средбата, колешката Злата Галева ни упати пријатно и топло добредојде со најубави желби за добро здравје, а колегата Петар Стефанов не потсети на изминатите средби и незаборавните дружења. Свеченото отворање заврши со стихови за Мојата генерација од колешката Милевка Здравковска, која низ песната не потсети на многу збиднувања од четиригодишното школување и од другарувањето. Ова се навистина средби кои никогаш нема да се заборават, зашто не потсетија на минатите денови, ги разбрануваа емоциите.

**М. Здравковска**

ЗП Охрид и Дебрца

# Наградата „Гран-при“ за КУД „Далги“ на фестивалот „Илинденски денови“

КУД „Далги“ при ЗП Охрид и Дебрца годинава учествуваше на 52. републички фолклорен фестивал „Илинденски денови“ во Битола. Мотото на фестивалот кој траеше од 18 до 29 јули 2022 година, беше „Од корените до цветот“, а организатор е Центарот за култура од Битола. Покровител на фестивалот е Собранието на РС Македонија.




На овој меѓународен фестивал учествуваа голем број културно–уметнички друштва и ансамбли од Шпанија, Италија, Колумбија, САД, Србија, и Македонија.

КУД „Далги“ со своите 26 членови презентираше изворна староградска охридска песна и игра со која го освои првото место за најуспешна презентација. Со својата автентична сценска изведба, музика и кореографија ја восхити публиката и ја освои за нив најдрагата награда, која им ја доделена петчлена комисија составена од врвни стручни лица од областа на етнологијата, кореографијата и професори од музичките академии од Скопје и Штип. Оваа награда на членовите на КУД „Далги“ и раководството на здружението им дава уште поголем поттик за понатамошно негување на македонската традиција и вековните народно фолклорни и музички вредности.

– За успешна презентација на староградската песна и игра голем придонес и заслуга имаат членовите на ансамблот „Биљана“ од Охрид за што сме им многу благодарни – изјави уметничкиот раководител Ристо Трајкоски.

КУД „Далги“ успешно учествува и на други бројни културни манифестации на пензионерската организација, каде што ќе го покани Општината и други. Оваа година за првпат го изведоа познатото „Охридско бало“, кое потекнува од 19 век. Зна-




чајно за ова дело е спојот на културата од Отоманската Империја со европската. Во тој период „балото“ го играле само блиски во крвно сродство и бил познат и како танц на младите.

Активните членови на КУД „Далги“ упатуваат поздрав до сите сегашни и идни пензионери да го продолжат своето здравје со другарување и песна, зошто песната е мелем за душата.

**Димитрија Стојкоски Лепи**

ЗП Берово

# Боро Мановски е највозрасниот беровски пензионер

Пријатна е идејата да се пишува за една личност кој ја живее деведесет и првата година од својот живот, човекот кој заради природата на работата што ја работел, го знаат скоро сите постари жители на Малешевијата, човекот кој секогаш бил подготвен да помогне и со услуга и со добар збор. Тоа е Боро Мановски.



Кога со пријателите од Берово тргнавме во домот на мојот соговорник очекував да видам личност во поодминати години, кој го живее својот мирен пензионерски живот. Боро го сретнавме во дворот полн со живот, како цепејќи дрва се подготвува за престојната зима, која на овие простори знае да биде и сурова и долготрајна. Со нашето доаѓање ја прекина работата и со задоволство седнавме да разговараме.

Боро Мановски е роден 1933 година во Берово, каде што го завршил основното образование. Го изучил и механичарскиот занает, и во 1953 година се вработува во Шумско стопанство „Малешево – Берово“. По враќање од отслужувањето на воениот рок каде што бил во мото–тенковска единица, оформува семејство и гради куќа во Берово. Во 1959 година се вработува во АТШ Берово како возач на автобус, тука останува се до пензионирањето во 1987 година, каде што во повеќе мандати бил член на органите на управување на претпријатието, а за својата самопрегорна работа често бил наградуван и пофалуван.

Во својот работен век како возач на автобус, возејќи на релацијата Берово – Скопје, не направил ниту еден посериозен прекршок, дефект на возилото, ниту пак имал некоја посериозна сообраќајна незгода, а и секојдневно имал контакти со многубројни патници. Секојдневно бил на услуга на жителите на Малешевијата носејќи најразлични пратки до Скопје и од Скопје, а учениците и студентите го знаеле возниот ред на чичко Боро и редовно по автобуската линија кој тој ја возел ги праќале и добивале своите пратки. На сограѓаните им носел и лекови кои тие не можеле да ги најдат во Берово и Пехчево. Бил подготвен да направи каква било услуга која би ја побарале од него. Многупати на крајот на годината со задоволство ги возел и средношколците на екскурзии низ поранешна Југославија. Учениците ја знаеле неговата човечност и квалитети како возач и не ретко барале чичко Боро да биде возач на нивните екскурзии.

По пензионирањето активно се вклучува во работата на Здружението на пензионери Берово и еден мандат бил и негов претседател. Забележливо е неговото учество во работата на пејачката група со учество на неколку регионални и републички ревии на песни, музика и игри во организација на СЗПМ. Постојан учесник е на спортските игри на пензионери во дисциплините фрлање ѓуле и домино. Воедно и на Републичкиот натпревар во Радовиш во дисциплината ѓуле и на Републичкиот натпревар во Дојран каде што го освојува првото место во фрлање ѓуле. Годините не му пречат да биде и чест гостин во пензионерскиот клуб во Берово, играјќи домино и карти со колегите пензионери.

**А. Кацарски**

ЗП Крива Паланка

# Еднодневна екскурзија до манастирот Прохор Пчински Р Србија

ЗП Крива Паланка, на јули на верскиот празник Иванден, реализираше еднодневна екскурзија за своите пензионери, до манастирот Прохор Пчински во Р Србија. Екскурзијата на задоволство на учесниците, беше убаво осмислена. Со еден автобус 55 пензионери, по убаво време и топол сончев ден, тргнаа уште во раните утрински часови со радост дека имаат ретка можност да го посетат познатиот манастир во кој се удрени темелите на нашата република и се одржало Првото заседание на АВНОЈ. По пристигнувањето учесниците ја посетија манастирската црква. Вчудоневидени воодушевени од прекрасната убавина, која природата ја истурила околу манастирот. Потоа пензионерите и другите гости, од околните населени места на манастирот, беа почестени со славски колач и скромен манастирски појадок. Пензионерите уживаа во дебелите сенки и ладната вода. Тука продолжи дружењето каде се изнајдоа стари пријатели, а се стекнаа и нови, со екскурзијанти пензионери од Кратово. Дружењето заврши во попладневните часови. Поминувајќи покрај меморијалниот центар Пелинце, пензионерите имаа кус одмор, но желбата да го посетат не се оствари, поради тоа што беше затворен. Се вратија посакувајќи вакви екскурзии да има почесто.



**Б. Стојчевска**